Друштво за проектирање, инженеринг, промет и услуги
КВАДАР
Биљана и др. ДОО извоз-увоз
Бр. 0701-883
21.8. 2024 год.
СКОПЈЕ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

ГП 03.01.01 ОД ДУП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ, БЛОК 03, ОД ГУП ЗА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

ОДОБРУВАЧ:

ОПШТИНА ШТИП

ИЗРАБОТУВАЧ:

КВАДАР ДОО Скопје
Јурij Гагарин бр. 45 - 3/3
www.kvadar.com.mk
info@kvadar.com.mk
+389. 2 . 52 00 929
+389 . 75 . 40 80 60

Ревидирал:

Одговорен планер:

Биљана Петрова, диа

Управител:

Биљана Петрова, диа

Ирена Велјановска, диа

Технички број 0701-883
Август 2024, Скопје

ПРЕДМЕТ:	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ГП 03.01.01 ОД ДУП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ, БЛОК 03, ОД ГУП ЗА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП
НАРАЧАТЕЛ:	АНГО ДООЕЛ Скопје ул.1641 бр.20 Скопје – Гази Баба
ОДОБРУВАЧ:	ОПШТИНА ШТИП
ИЗРАБОТУВАЧ:	КВАДАР ДОО Скопје ул.Никола Русински 3-1/5, Скопје www.kvadar.com.mk тел. 02 5200929 / 075 408060
УПРАВИТЕЛ:	Биљана Петрова
ПЛАНЕРИ:	
РАБОТЕН ТИМ:	Биљана Петрова, диа Овластување бр.0.0435
	Ирена Велјановска, диа Овластување бр.0.0485
ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	0701-883
ДАТУМ:	Август 2024

СОДРЖИНА:

ОПШТ ДЕЛ

- Извод од централен регистар за регистрирана претежна дејност
- Лиценца на правното лице
- Решение за одредување на изработувачи на планот
- Овластување од изработувачите на планот

I. ПЛАНСКИ ДЕЛ:

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

- Вовед

1. Проектна програма
2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат
3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во градежните парцели

3.1. Опис на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежните парцели

3.2. Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на паркинг места

3.3. Партерно решение со хортикултура

3.4. Водови и инсталации на инфраструктурите

4. Детални услови за проектирање и градење
5. Мерки за заштита

5.1 Мерки за заштита на животната средина

5.1.1 Мерки за заштита на почвата

5.1.2 Мерки за управување со отпадот

5.1.3 Мерки за заштита на воздухот

5.1.4 Мерки за заштита на водите

5.2 Мерки за заштита на природното наследство

5.3 Мерки за справување со климатските промени

5.4 Мерки за заштита на културното наследство

5.5 Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

5.6 Мерки за заштита и спасување

6. Нумерички показатели за планираната состојба
7. Други прилози со податоци

Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. Извод од урбанистички план со нанесен проектен опфат..... М = 1: 1000
2. Ажурирана геодетска подлога со граница на опфат.....М = 1: 1000
3. Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат,
   Табела со нумеричките показатели на урбанистичките параметри за градбите во проектниот опфат,
4. Површини за градење и зеленило.....М = 1: 1000
5. Сообраќајно и нивелациско решение.....М = 1: 1000
6. Урбанистичко синтезно решение за градежната парцела.....М = 1: 1000

II. ПРОЕКТЕН ДЕЛ:

- **ИДЕЕН ПРОЕКТ**

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА лица

Трговски регистар и регистар на други правни

www.crm.com.mk

Број: 0809-50/150020240276088
Датум и време: 6.8.2024 г. 15:42

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 06.08.2024 во 15:42
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

ПОТВРДА

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5107750
Назив:	Друштво за проектирање,инженеринг,промет и услуги КВАДАР ДОО Скопје
Седиште:	ЈУРИЈ ГАГАРИН бр.45-3/3 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	- Лиценца број П.207/Б од 14.05.2009 година Б за проектирање на градбио од трета,четврта и петта категорија издадена од Министерство за транспорт и врски; -Лиценца број 0074 од 11.02.2014 година за изработување на урбанистички планови издадена од Министерство за транспорт и врски Скопје; - Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија број П.300/А од 31.12.2021 година издадена од Министерство за транспорт и врски; - Лиценца А за надзор над изградба на градби од прва категорија број Н.174/А од 29.03.2022 година издадена од Министерство за транспорт и врски; - Лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија број

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/80879D1BBD1BC68DACBE69501007566539 84EA47F53C5BFE7AAAAEEBB55F23DA
Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

	П.207/Б од 16.05.2023 година издадена од Министерство за транспорт и врски; - Лиценца А за ревизија на проектна документација за градби од прва категорија број Р.073/А од 24.05.2023 година издадена од Министерство за транспорт и врски; - Лиценца за изработување на урбанистички планови број 0074 од 15.02.2024 година издадена од Министерство за транспорт и врски;

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Верификација

Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/80879D1BBD1BC68DACBE69501007566539 84EA47F53C5BFE7AAAAEEBB55F23DA

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 68 став (2) од Законот за урбанистичко планирање, Министерството за транспорт издава

Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

Друштво за проектирање, инженеринг промет и услуги КВАДАР ДОО Скопје

ЈУРИЈ ГАГАРИН бр.45-3/3 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ

ЕМБС: 5107750

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Лиценцата се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека правното лице ги исполнува условите за издавање на лиценцата пропишани со овој закон.

Број: 0074
24.07.2024 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ

Александар Николоски

КВАДАР ДОО Скопје
Јурај Гагарин бр. 45 - 3/3
www.kvadar.com.mk
info@kvadar.com.mk
+389. 2 . 52 00 929
+389 . 75 . 40 80 60

РЕШЕНИЕ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР

Управителот на КВАДАР ДОО Скопје, ги назначува следните стручни лица да бидат овластени планери на документацијата:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ГП 03.01.01 ОД ДУП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ, БЛОК 03, ОД ГУП ЗА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

со технички број 0701-883 од август 2024

Се задолжуваат лицата:

1. Биљана Петрова, диа со овластување бр.0.0435 и
2. Ирена Велјановска, диа со овластување бр.0.0485

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е :

Изработувачот поседува ЛИЦЕНЦА за изработување на урбанистички планови бр. 0074.

Назначените стручни лица ги исполнуваат условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/2020 и бр.111/2023), овластени се да изработуваат и потпишуваат планска документација и поседуваат соодветно Овластување издадено од Комора на овластени архитекти и инженери на РСМ.

Биљана Петрова, диа
управител

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

БИЉАНА ПЕТРОВА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: 0.0435

Издадено на: 14.09.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

ИРЕНА ВЕЛЈАНОВСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0485**

Издадено на: 25.03.2021 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

I. ПЛАНСКИ ДЕЛ
А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

СОДРЖИНА:

ПЛАНСКИ ДЕЛ

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

- Вовед 2

1. Проектна програма 3
2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат 4
3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во градежната парцела 4

3.1. Опис на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела 4
3.2. Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на паркинг места 4
3.3. Партерно решение со хортикултура 5
3.4. Водови и инсталации на инфраструктурите 5

4. Детални услови за проектирање и градење 6
5. Мерки за заштита 8

5.1. Мерки за заштита на животната средина 8
5.1.1 Мерки за заштита на почвата 10
5.1.2 Мерки за управување со отпадот 10
5.1.3 Мерки за заштита на воздухот 11
5.1.4 Мерки за заштита на водите 11
5.2. Мерки за заштита на природното наследство 12
5.3. Мерки за справување со климатските промени 12
5.4. Мерки за заштита на културното наследство 13
5.5. Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност 13
5.6. Мерки за заштита и спасување 14

6. Нумерички показатели за планираната состојба 20
7. ДРУГИ ПРИЛОЗИ СО ПОДАТОЦИ 22

▪ ВОВЕД

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, ГП 03.01.01 од ДУП за урбана четврт ЦЕ, блок 03, од ГУП за град Штип, општина Штип се изработува согласно:

- член 58, став 2, точка 1 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/2020 и бр.111/23);
- член 52 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/2020 и бр.219/2021);

Основа на изработка на урбанистичкиот проект ќе бидат:

- Извод од ДУП за урбана четврт ЦЕ, блок 03, од ГУП за град Штип, КО Штип 1, КО Штип 3 и КО Штип 5, општина Штип, Одлука бр.08-2767/1 од 23.04.2024 година;
- Проектна програма утврдена од нарачателот;
- Податоци од субјектите од член 47, став 1 од ЗУП (Сл.вес. на РСМ бр.32/20 и бр.111/23);
- Методологијата која произлегува од одредбите на Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и бр.111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. бр.225/20, бр.219/21, бр.104/22 и бр.99/23) и друга релевантна законска и подзаконска регулатива.

1. Проектна програма

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
за изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, ГП 03.01.01 од ДУП за урбана четврт ЦЕ, блок 03, од ГУП за Град Штип, Општина Штип

❖ **Вовед**

Основа за изработка на урбанистичкиот проект ќе биде:

- Проектна програма утврдена од нарачателот;
- Извод од ДУП за урбана четврт ЦЕ, блок 03, од ГУП за град Штип, КО Штип 1, КО Штип 3 и КО Штип 5, општина Штип, Одлука бр.08-2767/1 од 23.04.2024 год;
- Податоци од јавните институции и претпријатија засегнати со опфатот;
- Дигитализирана ажурирана геодетска подлога;
- Методологијата која произлегува од одредбите на Законот за урбанистичко планирање, (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и бр.111/2023) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/2020, бр.219/2021, бр104/2022 и бр.99/2023).

1. **Опис на проектниот опфат**

Површината на проектниот опфат изнесува 8371 m², а границата на проектниот опфат се поклопува со границата на ГП 03.01.01 од ДУП за урбана четврт ЦЕ, блок 03, од ГУП за град Штип, КО Штип 1, КО Штип 3 и КО Штип 5, општина Штип.

Граници на проектниот опфат се: од север - СЗ граничи со јавно зеленило и регулирано корито на река Брегалница, од СИ со сервисна ул. „Новопланирана 1“, од југ-ЈИ со собирна ул. „Партизанска“ и од запад со собирна ул. „Гоце Делчев“ .

2. **Проектни барања за градбите во рамките на проектниот опфат**

Со овој урбанистички проект потребно е да се разработи ГП 03.01.01 формирана со ДУП каде е предвидена рамковна површина за градење со класа на намена Е2.1 - Згради и компплекси на патниот сообраќај: автобуска станица со дозволени компатибилни класи на намена: Б2.4 - Супермаркети, хипермаркети и други големи маркети - хипермаркет со макс. вк. збир на учество до 40% од основната класа на намена.

Во градежната парцела да се предвидат површини за градење за комплексна градба - автобуска станица со придружни содржини: катна гаража и супермаркет.

Новопланираните градби да се предвидат со максимална височина до хоризонтален венец од 8,5 m' и макс. спратност П+1 (приземје и кат), со процент на изграденост макс. до 70%, коефициент на искористеност макс. до 0,7 и со дозволени пречекорувања на градежната линија од архитектонска пластика согласно Правилникот.

Останатата неизградена површина партерно да се уреди и озелени. Да се обезбеди минимум 20% зеленило во ГП согласно тековниот Закон за зеленило.

Да се овозможи фазно градење при реализација и спроведување на урбанистичко-проектната документација.

3. **Проектни барања за инфраструктурата**

Влезот во градежната парцела да се предвиди од североисточна страна преку планирана по ДУП сервисна улица „Новопланирана 1“. Паркирањето да се предвиди во границите на парцелата согласно Правилникот и Изводот од ДУП.

Приклучувањето на новопланираните градби во парцелата со електрична енергија, телекомуникации, вода, како и решение за одвод на атмосферските и фекалните отпадни води ќе се овозможи според дадените насоки од надлежните институции од областа. Постоечката инфраструктура, доколку ја има на локацијата, потребно е да се прилагоди соодветно со планските потреби.

Нарачател/ инвеститор на УП:

---

2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат

- **Инвентаризација на изграден градежен фонд**

Површината на проектниот опфат изнесува **8371 m²,** а границата на проектниот опфат се поклопува со границата на ГП 03.01.01 од У ДУП за урбана четврт ЦЕ, блок 03, од ГУП за град Штип, КО Штип 1, КО Штип 3 и КО Штип 5, општина Штип.

Во рамките на катастарската парцела земјиштето е делумно изградено.

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ГРАДБИ ВО КП4471/1

СОСТОЈБА: Д-ДОБРА,С-СРЕДНА,Л-ЛОША,,У-УРНАТИНА,Г-ВО ГРАДБА

ТИП НА КОНСТРУКЦИЈА:МО-МОНТАЖНА, СК-СКЕЛТНА, МА-МАСИВНА,МЕ-МЕШАНА

КО	ЧЕТВРТ	БРОЈ НА ОБЈЕКТ	КЛАСА НА НАМЕНА	ЕДИНЕЧНА КЛАСА НА НАМЕНА	КАТНОСТ	БРОЈ НА КАТОВИ	ПОВРШИНА НА ГАБАРИТ/М²	ВКУПНО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА /М	СОСТОЈБА НА ОБЈЕКТ	ТИП НА КОНСТРУКЦИЈА	БРОЈ НА ЖИТЕЛИ	БРОЈ НА ДОМАКОНСТВА ДРУГА НАМЕНА ВО ОБЈЕКТОТ	ВОДОВОД	КАНАЛИЗАЦИЈА	ЕЛЕКТРИКА	ТОПЛИФИКАЦИЈА	РЕЖИМ НА ЗАШТИТА	БЕСПРАВНА ГРАДБА
ШТИП 5	ЦЕ 03	1	Е2	Е2.1-АВТОБУСКА СТАНИЦА	П	1	1426	1426	С	СК	-	-	НЕ	ДА	ДА	ДА	НЕ	НЕ	НЕ
ШТИП 5	ЦЕ 03	2	Е2	Е2.1-АВТОБУСКА СТАНИЦА/НАСТРЕШНИЦА НАД ПЕРОНИ	П	-	290	290	С	МО	-	-	НЕ	ДА	ДА	ДА	НЕ	НЕ	НЕ
ШТИП 5	ЦЕ 03	3	Б1	Б1.5-КАНТИНА/СЕНДВИЧАРА	П	1	128	128	Л	МО	-	-	НЕ	ДА	ДА	ДА	НЕ	НЕ	НЕ

- **Инвентаризирана комунална инфраструктура**

Согласно добиените известувања од субјектите од член 47 од ЗУП, во граници на опфатот и во непосредна близина има постоечка инфраструктура.

Постоечките водови се прикажани во графичкиот прилог бр.7.

Добиените дописи со податоци и информации се прилог во точка 7.

Пристапот до парцелата е преку планирана сообраќајница по ДУП, сервисна улица „Новопланирана 1“.

3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во градежната парцела

3.1. Опис на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела

Предметната градежна парцела е со следната наменска употреба на земјиштето:

Е2.1 - Згради и компплекси на патниот сообраќај: автобуска станица.

Според Изводот од ДУП дозволени се компатибилни класи на намена:

Б2.4-Супермаркети, хипермаркети и други големи маркети - хипермаркет со максимален вкупен збир на учество до 40% од основната класа на намена како и комплементарни намени од класите Б.

Во градежната парцела се предвидува комплексна градба – автобуска станица со придружни содржини и супермаркет.

3.2. Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на паркинг места

Колски пристап во предметната градежна парцела предвиден е од северо-источна страна преку планирана сообраќајница по ДУП, сервисна улица „Новопланирана 1“.

Стационарниот сообраќај - паркирањето е предвидено во рамките на сопствената градежна парцела, а се планира според дефинираната намена на земјиштето и Правилникот за урбанистичко планирање. Со овој урбанистички проект предвидени се 102 места за лесни возила во рамки на парцелата како и терминал за автобуси со 3 автобуски места.

Со нивелманскиот план дефиниран е надолжниот нагиб на нивелетата на планираните улици. Во презентираното нивелманско решение нивелманот на сервисна улица „Новопланирана 1“ е преземен од сообраќајниот план од ДУП.

Нивелманското решение на градежната парцела произлегува од композиционото урбанистичко решение, како и од постојната состојба (конфигурацијата на теренот).

Нивелација на внатрешните сообраќајници во рамките на градежната парцела ќе се решава во следната фаза, при изработка на проекти за добивање одобрение за градење.

Кота на приземната плоча ±0,00 m е нулта точка во однос на која се мери височината до хоризонталниот венец на градбите.

Проектираната висинска кота на нулта плоча е во директна зависност од условите на лице место и конфигурацијата на теренот, при што истата се одредува поединечно за секоја градба во однос на заштитниот тротоар на самата градба во рамките на градежната парцела, максимум до 15cm од висината на тротоарот, а во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање.

3.3. Партерно решение со хортикултура

Во прилог на уреденост на пределот и неговите визуелни аспекти, вегетацијата на сите слободни неизградени делови од градежната парцела се предвидува да се задржи и дополнително да се посади со ниско и високо зеленило. Утврден е процент на озеленетост за градежната парцела од 20% што е во согласност со тековниот Закон за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18).

Во рамките на градежната парцела дозволено е поставување на ограда. Оградата да се постави на границата на градежната парцела. За висината на оградата да се постапи според законската и подзаконската регулатива и според условот од Изводот од план, а изборот на материјали да се предвиди со идеен/основен проект.

3.4. Водови и инсталации на инфраструктурите

- **Комунална хидротехничка инфраструктура**

Деталите на развојот, диспозицијата и димензионирањето на инфраструктурните градби, линиски водови и приклучоци ќе се дефинираат со основни проекти во следна фаза на разработка, а во соработка со стручни служби и добиени насоки од надлежни институции.

- Водовод

Приклучувањето на планираниот/те објект/и е предвидено да се врши од планирана водоводна мрежа преку сервисна улица „Новопланирана 1“, согласно хидротехничките услови за приклучок од страна на надлежната институција.

Попречните профили на цевките на планираните улични водови изнесуваат Ø150mm.

Поврзувањето со водоводната мрежа се предвидува да се изведе со приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена во сопствената градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се изврши

според важечките стандарди и нормативи за тој вид на инфраструктура и во целост според хидротехнички услови издадени од страна на надлежното комунално претпријатие.

- Фекална канализација

Поврзувањето на корисниците со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води се предвидува да се изведе преку приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал. Попречните профили на цевките на планираните улични водови изнесуваат Ø250mm.

- Атмосферска канализација

Атмосферските води од кровните површини на градбите ќе се прифатат со хоризонтални и вертикални олуци, од каде што преку атмосферска канализација во парцелата ќе се приклучат на планираната улична атмосферска канализација.

Површинските води од парцелата пред да се испуштат во уличната мрежа да подлежат на соодветен третман на пречистување.

Попречните профили на цевките на планираните улични водови изнесуваат: Ø300mm.

- **Електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура**

Деталите на развојот, диспозицијата и димензионирањето на инфраструктурните градби, линиски водови и приклучоци ќе се дефинираат со основни проекти во следна фаза на разработка, а во соработка со стручни служби и добиени насоки од надлежни институции.

- Електрика

Приклучувањето на градбата на електрична инсталација, како и изградбата и дислокацијата на електро-енергетски објекти треба да се извршуваат откако инвеститорот ќе добие електро-енергетска согласност од надлежна институција - ЕВН Македонија.

- Телекомуникации

Поврзувањето на телекомуникациона мрежа, начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучоци треба да биде извршено во согласност со развојните програми на операторите и потребите на корисниците.

Кабелската инфраструктура за поврзување на новопланираните градби со примарните водови се води во инфраструктурни коридори.

4. Детални услови за проектирање и градење

Градежна парцела бр. 03.01.01

- Влез од сервисна улица „Новопланирана 1“,
- Класа на намена: **Е2.1 -** Згради и компплекси на патниот сообраќај: **автобуска станица.**
- Компатибилна намена: **Б2.4** - Супермаркети, хипермаркети и други големи маркети - хипермаркет со максимален вк. збир на учество до 40%,
- Површина на ГП .....= 8371 m²
- Процент на озеленетост ..... 20 %
- Процент на изграденост ..... 49 %
- Коефициент на искористеност..... 0,69

Објекти во автобуската станица

Објект 1

- Површина за градење во приземје .....= 230 m²
- Вкупна изградена површина на сите надземни нивоа .....= 340 m²
- Максимална спратност .....= П+1
- Максимална висина.....= 8,5 m'

Објект 2

- Површина за градење во приземје .....= 1578 m²
- Вкупна изградена површина на сите надземни нивоа .....= 3156 m²
- Максимална спратност .....= П+1
- Максимална висина.....= 8,5 m'

Објект 3 – супермаркет (компатибилна намена)

- Површина за градење во приземје .....= 2330 m²
- Вкупна изградена површина на сите надземни нивоа .....= 2330 m²
- Максимална спратност .....= П
- Максимална висина.....= 8,5 m'

- При спроведување и реализација на овој урбанистички проект дозволено е фазно градење на еден или повеќе делови доколку истите претставуваат градежна и функционална целина.
- Доколку при реализацијата на овој урбанистички проект потребни се одредени измени на идејниот проект или е потребно усогласување на идејниот проект со законот за градење, ќе се изработи нов идеен проект, а во согласност со урбанистичките параметри од овој урбанистички проект и законската регулатива од областа на градењето.
- Стационарниот сообраќај - паркирањето е предвидено во рамките на сопствената градежна парцела, а се планира според дефинираната намена на земјиштето и Правилникот за урбанистичко планирање. Со овој урбанистички проект предвидени се 102 места за лесни возила во рамки на парцелата како и терминал за автобуси со 3 автобуски места. Доколку при разработка со основен проект се утврди потреба од промена на бројот на паркинг места истото да се изврши според претходно дефинирана Проектна програма, а во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).
- Градежната линија може да се спроведува со дозволени пречекорувања од членот 108 и 109 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).
- Отворите на предвидената градба во ГП се условени од растојанието на површината за градба и страната на градежната парцела. Новопланираните објекти треба да се планираат на растојание во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).
- Максимална височина на било кој објект или надземна структура не смее да надминува елевација од 380 м.н.в.

- Проектираната висинска кота на нулта плоча да се одреди при разработка со основни проекти и тоа поединечно за секоја градба во однос на заштитниот тротоар на самата градба во рамките на градежната парцела, максимум до 15cm од висината на тротоарот и истата не смее да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на пристапната сообраќајница.
- Дозволено е оградување на градежната парцела со транспарентна ограда со вкупна висина до 2,40 м со можност за изведба на sидан дел до висина од 1,80 м.
- За новопланираните градби да се предвиди употреба на висококвалитетни градежни материјали, со добри карактеристики, со максимална термичка и звучна изолација. Дозволено е поставување на сончеви колектори, како услов за заштеда и искористување на енергијата, како елемент од стратегијата за одржлив развој, а со цел заштита на животната средина.
- Доколку при реализацијата на проектната документација се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Р.С. Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16). Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен:
  1) Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на овој закон.
  2) Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап.
  3) Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.
- Отстапување од подземната градежна линија да се обезбеди при дефинирање на местоположбата на шахтите за изведба и приклучоци или уреди за снабдување со вода, ел.енергија, телефон, гас, топловод, одводнување на отпадните (фекални и атмосферски) води и сл. при идна разработка на градежната парцела со основни проекти.
- Сите приклучоци со примарните инфраструктурни водови да се извршат по добивање на услови и согласност од надлежната институција.
- При изградба на нови објекти и содржини во просторот се овозможува непречено движење на лицата со инвалидност. Се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот согласно одредбите од поглавје 13 (чл. 188-196) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

5. Мерки за заштита

5.1. Мерки за заштита на животната средина

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба и други објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на Р.М. (член 8) е регулирана со Законот за животна средина (Сл.в. на Р.М. бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10, бр.124/10 и бр51/11). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 39/16)
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 51/11, 100/12,163/13)
- Закон за водите (Службен весник на РМ бр.87/08, 6/09, 161/09, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 52/16)
- Закон за управување со отпад (Службен весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11, 51/11, 123/12, 163/13,39/16)
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на РМ бр. 79/2007, 124/10, 47/11, 163/13)
- Закон за заштита на природата (Службен весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/163, 163/13, 146/15, 39/16, 63/16)

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања на животната средина.

5.1.1 Мерки за заштита на почвата

Чиста и незагадена почва претставува еден од важните предуслови за заштита на животната средина. За таа цел потребно е да се обезбеди поголема контрола при употребата на хемиски средства, материјали и суровини што ќе се користат во прометот и работењето на планираните содржини во рамки на градежната парцела.

При изградба на новопредвидените содржини да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.

Употребата на тешка механизација во фазата на градба ќе предизвика зголемување на механичкиот притисок врз почвата, односно набивање и компактирање на површинскиот слој. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието може да се смета за краткотрајно.

5.1.2 Мерки за управување со отпадот

Законот за управување со отпадот (Сл.Весник на РМ бр.68/04, 107/07, 9/11, 51/11, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15) го регулира неопходното и правилно решавање на проблемот со сметот, неговиот плански организиран современ третман на одложување, одвезување и уништување или депонирање, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и работа односно за заштита на животната средина.

Согласно Законот за управување со отпад (Службен весник на Р.М. број: 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/09, 09/11, 51/11, 123/12, 47/13, 163/13, 51/15, 146/15 и 156/15), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Со цел да се подобри начинот на управување со отпадот при процесот на изведба на градежните активности, согласно законската легислатива во областа на управувањето со отпад, се препорачуваат следниве мерки:

- Селекција и класификација на сите видови отпад согласно Законот за управување со отпад (Службен весник на Р.М. број: 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/09, 09/11, 51/11, 123/12, 47/13, 163/13, 51/15, 146/15 и 156/15);
- За понатамошно постапување со селектираниот отпад од градежните активности (градежен шут), изведувачот треба да постапи согласно член 54 од Законот за управување со отпад(Службен весник на Р.М. број: 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/09, 09/11, 51/11, 123/12, 47/13, 163/13, 51/15, 146/15 и 156/15);

- По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

5.1.3 Мерки за заштита на воздухот

Нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. Вес. на РМ бр.141/10).Сите идни корисници на просторот треба да го почитуваат Законот за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл. Вес. на РМ бр.67/04 и бр.92/07).

Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух, се состои од 15 мониторинг станици, од кои три се лоцирани во Скопје, а останатите во другите градови низ Републиката. Главен извор на емисии на CO, NOx и прашина е патниот сообраќај.

Во периодот на градба, транспортот по сообраќајниците во непосредната околина и зголемената концентрација на возила ќе влијае на зголемување на концентрацијата на присутни честици во воздухот. Вегетациската покривка изложена на висока концентрација на честици може да биде оштетена кога истите се наоѓаат во комбинација со другите присутни полутанти во воздухот, создадени како резултат на мобилните извори на загадување, посебно изразени на просторот кој е предмет на анализа. Крупните честици, како прашината која паѓа директно на површината на земјата, ја редуцираат размената на гасови и процесите на фотосинтеза што води кон редукција на растот кај растенијата. Со цел да се спречи редукција на растот кај видовите се препорачува контрола на квалитетот на воздухот и превземање на мерки за запазување на дозволените концентрации на присутни полутанти во воздухот.

5.1.4 Мерки за заштита на водите

Заштитата на водите се регулира со законски прописи за заштита на проточните и подземните води - Закон за водите (Сл. Вес. на РМ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15). Превентивната заштита на водите при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се постават во се според техничките нормативи и стандарди кои што ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност.

Управувањето со квалитетот на водите и воздухот индиректно ја зголемува и функционалноста на почвата, како краен реципиент на загадувачите отстранети од овие два медиума. Големи загадувачи претставуваат отпадните води од канализацијата. Затоа приоритет во заштита на животната средина е изградба на канализациони системи за прифаќање на истите:

- Проектирање и изведување на канализациона мрежа во се према важечки прописи и стандарди;
- Мерки за испитување на квалитетот на водите;
- Водотеци- земање узорци и мерење на квалитетот на водата;
- Мерки на објектите кои ја загадуваат водата;
- Заштита на квалитетот на водата на самите изворишта на загадување.

5.2. Мерки за заштита на природното наследство

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на оваа планска документација, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

5.3. Мерки за справување со климатските промени

Климатски промени претставуваат долготрајни промени на временските услови следени во подолг период. Глобалното затоплување всушност ја означува најзабележителната промена на климата, односно порастот на просечната температура на воздухот, која на глобално ниво се зголемила за 0.89°C во периодот од 1901 до 2012 год. Порастот на просечната температура е предизвикан од зголеменото количество на стаклени гасови кои го апсорбираат топлинското инфрацрвено зрачење од земјата и го задржуваат во атмосферата, т.н ефект на стаклена градина. Проблемот настанува кога концентрацијата на стаклениците гасови (водена пареа, јаглерод диоксид, озон, метан, диазот оксид и други во трагови) е зголемена и на тој начин се акумулира повеќе топлина во атмосферата. Климатските промени се без сомнение една од најголемите закани со кои се соочува човештвото. Ефектите од климатските промени веќе се чувствуваат во Р.С. Македонија. Досегашните податоци покажуваат дека во последните 20 години:

- просечните температури се зголемени за 0,2 – 0,5°C,
- количествата на врнежи се во опаѓање, но со променлив распоред и интензитет се зголемува бројот на летни денови и тропски ноќи,
- се евидентира зачестена појава на топли бранови.

Мерки за ублажување (митигација) на климатските промени подразбираат активности кои ќе придонесат во намалување на емисиите на стаклени гасови кои потекнуваат најмногу од човечките активности, а тоа е согорувањето на фосилните горива, како за добивање на електрична така и за топлинска енергија, сечењето на шумите кои се единствениот извор на кислород.

На светско ниво се донесени повеќе протоколи, студии, стратегии, директиви како од Обединетите нации преку Монтреалскиот и Кјото протоколот, КОП конференциите и глобалните договори за ограничувањето на емисијата на стаклени гасови, исто така, и за гасовите кои го уништуваат озонот, а тоа се јагленофлуоровододи, најчесто од употребата во ладилната техника. Македонија како потписничка на овие договори е обврзана истите да ги спроведува.

Обновливите извори на енергија се начин на решавање на климатскиите промени, а во исто време и начин за намалување на загадувањето на човековата околина. Во обновливите извори на енергија спаѓаат: сончевата енергија, енергијата од ветерот, биомасата, биоенергијата, геотермалната енергија, хидроенергијата, морските бранови и струи, плима и осека. Најеколошка енергија е сончевата енергија и е далеку поголема во однос на сите други видови на обновливи енергии заедно. Таа е најобилен, неисцрпен, бесплатен и обновлив извор на енергија, која не ја загадува околината.

Вкупната енергија што доаѓа кон Земјата (1.73·1017 W) односно 1.5·1021 Wh/god. Оваа енергија е околу 8 000 пати поголема од вкупните потреби за

енергија на земјата или за еден час од сонцето пристигнува енергија која ги задоволува вкупните потреби за енергија на земјата. Уредите во кои се врши апсорбирање и трансформирање на сончевото зрачење во топлина или електрична енергија, се нарекуваат сончеви термални колектори или фотоволтаични панели.

Р.С. Македонија спаѓа во регионите со најповолни климатски услови за искористување на сончевата енергија со потенцијал од 2000 до 2400 сончеви часа за цела година. Ова овозможува широк спектар на употреба на овој вид на енергија. Вкупниот потенцијал на сончева енергија во Македонија се проценува на околу 10 GWh годишно или 1500 kWh/m² - максимална вредност на сончевото зрачење.

Со овој урбанистички проект предвидено е искористување на сончевата енергија преку дозволено поставување на сончеви колектори на кровните површини.

5.4. Мерки за заштита на културното наследство

Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Р.С. Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16).

Член 65 од Законот за заштита на културното наследство:

(1) Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен:

1. Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на овој закон.
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член, ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:

1. Да ги предаде откриените предмети при нивно пријавување или тоа да го направи при идентификацијата во смисла на членот 66 на овој закан, а до предавањето да превземе мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат и
2. Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и полажбата на предметите во времето на откривањето и за окалностите под кои тоа е направено.

5.5. Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

Формулацијата на барањето експлицитно укажува на тоа дека се работи за архитектонски, а не урбанистички проблем. Составен дел на урбанистичките планови се конкретни мерки за создавање услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат. Сепак како планска урбанистичка мерка се предлага по ширината на пешачките премини преку коловозите, меѓу тротоарите и коловозите да нема рабови, туку да се предвидуваат рампи со најголем наклон од 20% или во однос 1:5, а оптимален наклон од 8,33 или во однос 1:12, како би можеле инвалидските колички да ја совладаат денивелацијата меѓу коловозите и тротоарите во согласност со

поглавје 13 (членовите 188-196) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/2020 и бр.219/2021).

Исто така потребно е вградување на овие рампи во сите производни и непроизводни објекти со цел истите да бидат достапни за инвалидизирани лица, особено во оние објекти каде се очекува нивно вработување.

5.6. Мерки за заштита и спасување

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 93/12 Пречистен текст) се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Р.С. Македонија.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување, кои се карактеристични за локацијата и условите каде треба да се градат предвидените објекти согласно намената на комплексот, согласно член 61 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) и подазоконските уредби и други правни прописи од оваа проблематика, кои се однесуваат на:

1. Урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување
- заштита и спасување од техничко технолошки несреќи
- спасување од сообраќајни несреќи
- заштита и спасување од урнатини
- заштита и спасување од поплави
- заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- други мерки за заштита и спасување што би се појавиле при и по природните непогоди, епидемии, епзоотии, епифитотии и други несреќи, а не се предвидени со овој закон

2. Хуманитарни мерки се:

- евакуација
- згрижување на настраданото и загрозеното население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
- асанација на теренот

1. Урбанистичко технички мерки

- **Засолнување**

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

- **Заштита од воени разурнувања, природни и техничко технолошки катастрофи**

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и отстранување на предизвиканитепоследици.

Потребно е стручно ракување со сите уреди и постројки. Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации. Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање на течењето вода преку вентилски уреди. Можна е брза санација и на вод во кој се водат отпадните води.

Инфраструктурните водови да се водат на пропишани сигурносни растојанија во јасно дефиниран инфраструктурен коридор, така да можните оштетувања ќе се сведени на минимум. Инфраструктурните водови мора да се постават према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлотацијата, ракувањето и одржувањето.

- **Спасување од сообраќајни несреќи**

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета. Во овој плански опфат не се очекуваат сообраќајни несреќи од железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај, најголема е веројатноста од настанување на сообраќајни несреќи во патниот сообраќај.

Оперативните мерки заспасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица укажување прва медицинска помош и транспорт до соодветните здравствени установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

- **Заштита и спасување од урнатини**

Согласно Уредбата за спроведување на спасувањето од урнатини (Сл.Весник на РМ бр.100/10), се уредува организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување.

Превентивни мерки за спасување од урнатини се применуваат на објекти кои можат да бидат изложени на разни дејствија кои предизвикуваат урнатини и тоа од природни непогоди, технички катастрофи, воени дејствија. Заштитата од

урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот. Во урбанистичкиот план е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците, врз основа на што се изработува планираното решение.

При планирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини.

Анализираниот простор се наоѓа во сеизмоген извор-подрачје од втор ред каде се можни потреси со јачина до 8º по МКС, што наметнува да се предвидуваат асеизмични градби, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа треба да обезбедат:

-брза и непречена евакуација на луѓето (вработените)
-брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила
-непречена интервенција во кругот на катастрофата,
-штетите да се сведат на минимум,
-брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на Основниот проект.

Потребни се геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања на теренот.

- **Мерки за заштита од свлекување на земјиштето**

При изработка на основниот проект, во зависност од конфигурацијата на теренот, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

- **Заштита и спасување од поплави**

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

- **Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства**

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и трнспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

- **Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**

Заштитата и спасувањето од пожари, неексплодирани убојни и експлозивни средства опфаќа мерки пропишани мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/ 08, 124/ 10 и 18/11) и Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр: 67/04 и 81/07), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилникот за техничките нотмативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 31/06), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. Вес. на РМ бр. 74/06) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Оваа одредба ги опфаќа сите објекти, освен станбените и јавните објекти со висина до 12м (согласно Правилник за стандарци и нормативи за проектирање (Сл. весник на РМ бр.60/12, бр.29/15, бр.32/16, бр.114/16) и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица согласно Законот за градење.

За објектите за кои не се изработува елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи се применуваат важечки мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Во објекти и простори во кои што се произведуваат, преработуваат, користат и складираат опасни материи, ако природата на работата не е поврзана со таква потреба, се забранува употреба на отворен оган, светилки со пламен и средства за палење, користење на грејни уреди со отворен оган, вжарена и прекумерно загреана површина, складирање на материи со опасност од самозапалување, користење уреди и инсталации кои можат да предизвикаат пожари и експлозии, движење и престој на неповикани лица и употреба на алат кој создава искри.

Запалливи материи не треба да се складираат на отворен простор поблиску од 6 метри од објектот, на мансардите во згради, столбишта, ходници и други комуникации. Отпадните и други запаливи материи треба да се отстрануваат, односно складираат на посебно определени противпожарно обезбедени места, кои не претставуваат опасност за непосредната околина.

Физичките лица при употреба на уреди, средства и отворен оган, се должни истите да ги користат на начин да не ја загрозуваат околината и да не предизвикаат пожари или експлозии.

Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Уредите, инсталациите опремата и средствата, за ППЗ заштита задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект за секоја поединечна градба.

Со цел за поефикасна заштита задолжително е предвидување на современа громобранска инсталација на сите поголеми градби и нејзино континуирано одржување.

Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

-брз и непречен пристап до градбите на ПП возила и другата ПП опрема во комплексот како би се овозможило кружно движење на истите;

-непосреден пристап на ПП возила и другата ПП опрема во ГП и до секој објект во неа, најмалку од две страни;

-обезбедување на пропусна моќ и сообраќаен профил на сите улици со мин. ш=6,0м, потребен радиус на кривина и носивост на коловозот од 10,0т осовински притисок, за да може да се движат ПП возилата и останатата ПП опрема до секоја ГП во планскиот опфат, а преминот преку ивичњаците да биде преку закосени рампи со сооднос 1/12 (8%) на дел од улиците каде се пристапува.

За пожарна вода потребно е акумулирање на одредена количина на вода, која е потребна за пожарна заштита на опфатот во одреден временски период, кој е потребен за да пристигне противпожарно возило од најблиската ТППЕ и се стави во функција.

Со наредните проектни документации согласно законската регулатива, во градежните парцели ќе се предвиди и хидрантска мрежа за надворешна и внатрешна заштита на објектите, која треба да се изработи според Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 26/18).

За се што не е регулирано со овие параметри, се применуваат одредбите од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр.93/12), Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ бр.64/04) и другите подзаконски акти кои ја регулираат материјата на заштита и спасување.

2. Хуманитарни мерки

- **Евакуација**

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

- **Згрижување на загрозеното и настраданото население**

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. РМ и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење. Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

- **Радиолошка, хемиска и биолошка заштита**

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

-РХБ извидување на територијата

-дозиметриска контрола

-детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје

-лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

- **Прва медицинска помош**

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

- **Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло**

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди и други несреќи.

Превентивни мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболени контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

- **Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло**

Заштита и спасување на растенија и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување. Превентивни мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

- **Асанација на теренот**

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и починати лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

6. Нумерички показатели за планираната состојба

Табела 1

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНИРАНИТЕ ГРАДБИ ВО ГП 03.01.01										
ознака на градежна парцела	површина на градежна парцела	ознака на површина за градба во ГП	опис на градба	класа на намена	спратност	максимална висина	површина за градба во приземје	вкупно изградена површина	процент на изграденост	коефициент на искористеност
	m²					m'	m²	m²	Пи (%)	Ки
03.01.01	8,371	објект 1	автобуска станица со натстрешница над перони	Е2.1	П+1	8.5	230	340	2.7%	0.04
		објект 2		Е2.1	П+1	8.5	1,578	3,156	18.9%	0.38
		објект 3	супермаркет	Б2.4	П	8.5	2,330	2,330	27.8%	0.28
						Вкупно:	4,138	5,826	49.4%	0.70

Табела 2

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНАТА СОСТОЈБА ВО ГП 03.01.01 СО БИЛАНСИ			
Површина на ГП 03.01.01 (m²)	Опис на површини	P (m²)	%
8,371	Површини за градба	4,138	49.4%
	Сообраќајни површини	2,542	30.4%
	Партерно зеленило	1,691	20.2%
	ВКУПНО:	8,371	100.0%

Табела 3

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА КОМПАТИБИЛНОСТ НА ПЛАНИРАНАТА КЛАСА НА НАМЕНА СО БИЛАНСИ		
Опис	P (m²)	%
Основна класа на намена Е2.1	3,496	60.0%
Компатибилна класа на намена Б2.4	2,330	40.0%
Вк. изградена површина:	5,826	100.0%

Табела 4

СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ													
Блок	**Број на градежна парцела**	**Поединечна намена**	**Компатибини класи на намени**	**максимален дозволен процент на компатибилни класи на намени (%)**	**Површина на градежна парцела (м²)**	**површина за градење (м²)**	**Вкупна изградена површина на сите спратови (м²)**	**Максимална дозволена катност**	**Максмално дозволена височина до хоризонтален венец на градбите (м**	**Процент на изграденост (%)**	**Коефициент на искористеност (k)**	**паркирање**	**понатамошна разработка**
ДУП ЦЕ БЛОК 03 ОПШТИНА ШТИП													
03	**03.01.01**	**Е2.1- Згради и комплекси на патниот сообраќај - автобуска станица**	Б2, Б2.4	40%	8371	5860	5860	П+1	8.50	70.0%	0.70	во градежна парцела	со Урбанистички проект
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ													
03	**03.01.01**	**Е2.1- Згради и комплекси на патниот сообраќај - автобуска станица**	Б2.4	40%	8371	4138	5826	П+1	8.50	49.4%	0.70	во градежна парцела	со Основен проект

******Напомена: За се што не е регулирано со овие параметри, се применуваат стандардите и нормативите утврдени во:***

- *Законот за урбанистичко планирање (Сл.вес. на РСМ бр.32/2020 и бр.111/2023),*
- *Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.вес. на РСМ, бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022 и бр.99/2023).*

Составил:

Биљана Петрова, диа
Овластување бр.0.0435

Ирена Велјановска, диа
Овластување бр.0.0485

7. ДРУГИ ПРИЛОЗИ СО ПОДАТОЦИ

Во прилог на оваа точка следуваат добиените податоци од субјектите од член 47, став 1, од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/220 и бр.111/2023), како и други информации и мислења од државни институции и јавни претпријатија релевантни за урбанистичкиот проект.

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

До: **КВАДАР ДОО Скопје**

бр. 12-8/459

Скопје, 17.05.2024 година

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 0302-883/2 од 15.05.2024 година
e-urbanizam, постапка бр. 62088

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, Ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, ГП 03.01.01 од ДУП за урбана четврт ЦЕ, Блок 03, од ГУП за град Штип, општина Штип

при што утврдија дека предметниот опфат се наоѓа **во зона** на спортскиот аеродром Штип, на цца.3.857м ЈИ од референтната точка на аеродромот, во т.н. конусна рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 380мнв, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи го во предвид претходното, а согласно *член 88 од Законот за воздухопловство ("Сл.весник на РСМ" бр. 14/24)*, потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запази/вметне следната одредба:

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 380мнв.

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со елевација над претходно наведената, или изградба/поставување на издвоени антенски столбови или столбови поставени на објект височина поголема од 30м или оџаци со височина поголема од 30м, потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да се достави проектната документација (пред усвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно *член 80, став (1) и (2) од Законот за воздухопловство ("Службен весник на РСМ" бр. 14/24).*

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

изработил: Б.Пејовска

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот бр.02-1730/3 од 28.12.2023 година)

Biljana Jovanova

Digitally signed by Biljana Jovanova
DN: c=MK, ou=VAT - 4080010516712, 2.5.4.97=NTRMK-6648649, o=Agencija za civilno vozduhoplovstvo, serialNumber=208884, title=Rakovoditel na oddelenie za areodromska infrastruktura, sn=Jovanova, givenName=Biljana, cn=Biljana Jovanova
Date: 2024.05.17 14:04:17 +02'00'

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

Наш број: 1404-1780/2
Скопје: 17 . 06. 2024 г.

ДО:
КВАДАР ДОО СКОПЈЕ
ул. ,,Никола Русински" 3-1/5
1000 Скопје

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваш број : 0302-883/2 преку е-урбанизам

Почитувани,

Согласно вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи потребни за изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, ГП 03.01.01 од ДУП за урбана четврт ЦЕ, блок 03, од ГУП за град Штип, општина Штип, према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
Податоци на изградени јавни
електронски комуникациски мрежи -во електронска форма

Со почит,
Сектор за телекомуникации

Изработил: С. Јовевска
Раководител на сектор
Д-р Борис Арсов

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 62088
Дата: 16.05.2024

До
Друштво за проектирање, инженеринг, промет и услуги
Квадар ДОО Скопје
Ул. Никола Русински бр. 3-1/5, 1000 Скопје

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Тони Илиевски, Мица Цониќ-Кепевска

Телефон +389 70 200 045; +389 70 300 292

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, ГП 03.01.01 од ДУП за урбана четврт ЦЕ, блок 03, од ГУП за град Штип, општина Штип, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

NIKOLChE TASEVSKI
Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI
Date: 2024.05.18 21:11:24 +02'00'

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Бр. 11-3428/1
16-05-2024 г.
Скопје

До: Друштво за проектирање, инженеринг, промет и услуги КВАДАР ДОО Скопје

Скопје, 16.05.2024 год.

Предмет: Податоци и информации

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци и информации од општини/институции поднесено преку системот Е-Урбанизам со број на постапка 62088 креирано на 15.05.2024 година и наслов 'Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, ГП 03.01.01 од ДУП за урбана четврт ЦЕ, блок 03, од ГУП за град Штип, општина Штип' доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека во предметното подрачје на опфатот кој е доставен до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, **немаме** постојни подземни/надземни инсталации, но во непосредна близина на предметното подрачје на опфатот **имаме** постојни подземни/надземни инсталации.

Во прилог Ви доставуваме податоци за постојни подземни/надземни инсталации во електронска форма во DWG и PDF формат.

Напомена: За податоците обележани со ознака 'NA' не располагаме со точна геопросторна локација.

Напомена: Доколку има потреба од дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура, планерот е должен да постави новопланирана траса во рамките на експропријационата линија во консултација со сопственикот на постоечката инфраструктура - А1 Македонија ДООЕЛ Скопје. Трошоците за дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура ги сноси инвеститорот на проектот.

Лице за контакт:
Бранкица Маринковска тел. 077/773-244

Срдечен поздрав,

За А1 Македонија ДООЕЛ Скопје,
Бранкица Маринковска
Помлад специјалист за дизајн и планирање на мрежа

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје

Друштво за конуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068310, Тел: +389 2 3100077, Факс: +389 2 3110077, e-mail: info@A1.mk

ПОДЗЕМНА И НАДЗЕМНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА А1 МАКЕДОНИЈА



ЛЕГЕНДА:

- Urb_NA
- Duct_Cable
- Optical_Cable
- Coax_Cable
- Overhead_Lines
- Pipes
- Trenches

* Duct - Подземно
* Aerial - Надземно
* Trench - Ров
* Pipe - Цевка/Туба
* Overhead line - Надземна рута
* Coax cable - Коаксијален кабел
* Optical cable - Оптички кабел

P = 1 : 1500

Дата: 2024-05-16

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-23/4 – 330 **од** 23.05.2024 год
Скопје

Одговорно лице: Марко Бирачоски

Контакт телефон: +389 72 933 219

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,
Во врска со Вашиот допис број 0302-883/2 од 15.05.2024 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, ГП 03.01.01 од ДУП за урбана четврт ЦЕ, блок 03, од ГУП за град Штип, општина Штип,Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☒ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.
Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Birachoski Marko
Digitally signed by Birachoski Marko
Date: 2024.05.28 07:44:15 +02'00'

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

Бр.11-3401/1

21.05.2024

До

КВАДАР ДОО Скопје
Н.Русински 3-1/5

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање број 0302-883/2 од 15.05.2024 година, (наш број 11-3401 од 16.05.2024 година) за податоци и информации потребни за изработка **на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, ГП 03.01.01 од ДУП за урбана четврт ЦЕ, блок 03, од ГУП за град Штип, општина Штип**, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Ангела Георгиевска

Проверил: Јасмина Ставрова

Eli Popovska

Digitally signed by Eli Popovska
Date: 2024.05.21 13:37:58 +02'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС и геодетски работи

Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
DREJTORIA PËR MBROJTJEN E TRASHËGIMISË KULTURORE

Бр. 17-1943/2
17-06-2024
Скопје

До

„КВАДАР“ ДОО

ул. „Н. Русински“ бр. 3-1/5

1000 СКОПЈЕ

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше писмо бр. 0302-883/2 од 15.05.2024 год.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за културно наследство за изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, ГП 03.01.01 од ДУП за урбана четврт ЦЕ, блок 03, од ГУП за град Штип, Општина Штип, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на планскиот опфат не постои заштитено добро ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Со почит,

в.д. Директор
м-р Зоран Павлов

Изработил: м-р М. М. Миладиновска (12.06.2024)
Проверил/Одобрил: м-р. Б. Јовановска

Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

Содржина:

1. Извод од урбанистички план
2. Ажурирана геодетска подлога со нанесена граница на проектниот опфат.....М = 1: 1000
3. Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат,
   Табела со нумеричките показатели на урбанистичките параметри за градбите во проектниот опфат,
4. Површини за градење и зеленило.....М = 1: 1000
5. Сообраќајно и нивелациско решение.....М = 1: 1000
6. Урбанистичко синтезно решение за градежната парцела.....М = 1: 1000

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:334

ДУП за урбан четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип, КО Штип 1, КО Штип 3 и КО Штип 5

Број: 18-3079/2 од 21.05.2024 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 08-2767/1 од 23.04.2024 год

Намена за градба: Е 2.1-автобуска станица

Улица:

КО: Штип-5 **КП: 4471/1**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП. 03.01.01

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план
   - Легенда
   - Табела со нумерички показатели

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов


03.01.02
Б6.1
H=16m
П+4
РЕКА БРЕГАЛНИЦА
Д1.2
ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ
266,20
E2.1
E1.1
03.01.01
E2.1
H=8.5m
П+1
pvc od160
pvc od110
Д2.1
R42,47
R30
10(20)kV
ПОДЗЕМЕН ВОД
273,00
pe od32
pc 1/2"
pc 1"

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ГРАНИЦА НА БЛОК

ЦЕ 03 ОЗНАКА НА ЧЕТВРТ

Б 03 НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК

РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

03.01.01 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ГРАНИЦА НА ВОДА - БАРИЕРА

РЕКА БРЕГАЛНИЦА

ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА

ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА

ГЛ ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ИЛ ИНФОРМАТИВНА ЛИНИЈА

ПГЛ ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

П+2 КАТНОСТ НА ОБЈЕКТ

Н=10,50м МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ОБЈЕКТ

271 ВИСИНСКА ТОЧКА

I=2.2% L=180m НИВЕЛМАН

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б1.5 Б1.5 - КАФЕАНИ

Б6.1 Б6.1 - СТАДИОН

Б6.5 Б6.5 - КОНФЕРЕНЦИСКА САЛА

Д - ЗЕЛЕНИЛО , РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Д1.2 Д1.2 - ЈАВНО УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО

Д2.1 Д2.1 - ЛИНИСКО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО, РАЗДЕЛНО ЗЕЛЕНИЛО

Е - ИНФРАСТРУКТУРИ

Е1.1 Е1.1- КОЛОВОЗ (ПРИМАРНИ И СЕКУНДАРНИ УЛИЦИ)

Е1.1 Е1.1 - ТРОТОАР/ ПРИСТАПНА УЛИЦА/ КОЛСКО ПЕШАЧКА УЛИЦА/ ПЕШАЧКИ ПРОСТОРИ/ ПЕШАЧКИ МОСТ

Е2.1 Е2.1- АВТОБУСКА СТАНИЦА

Е2.1 Е2.1- КАТНА ГАРАЖА

Е1.8 Е1.8-ТРАФОСТАНИЦА

ГРАНИЦА НА ЗАШТИТЕНО ДОБРО

ГРАНИЦА НА КОНТАКТНА ЗОНА

СТЕПЕН НА ЗАШТИТА

РЕЖИМ НА ЗАШТИТА ОД ВТОР СТЕПЕН

КОНТАКТНА ЗОНА

ПОСТОЈНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА - ПОСТОЈНА

ЕВН КОРИДОРИ 35(110)kV

ЕВН КОРИДОРИ 10(20)kV

ЕВН 0.4kV ПОДЗЕМЕН ВОД

ЕВН 0.4kV НАДЗЕМЕН ВОД

ЕВН 10(20)kV ПОДЗЕМЕН ВОД

ЕВН 35(110)kV ПОДЗЕМНА МРЕЖА

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА - ПОСТОЈНА

ОПТИЧКИ КАБЕЛ (ТЕЛЕКОМ)

БАКАРЕН КАБЕЛ (ТЕЛЕКОМ)

КОАКСИЈАЛЕН КАБЕЛ (ТЕЛЕКОМ)

КАНАЛ (ТЕЛЕКОМ)

ОПТИЧКИ КАБЕЛ (А1)

КОАКСИЈАЛЕН КАБЕЛ (А1)

КАНАЛ (А1)

ПЛАНИРАНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ВОДОВОДНА МРЕЖА

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

10(20) ПОДЗЕМЕН ВОД

ТРАФОСТАНИЦА ПЛАНИРАНА 10/0.4kV 630/(1000)kVA

ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ПЛАНИРАНА Е.Е. МРЕЖА (2x1m од оска на поземен вод/ 2m околу ТС)

ДУП ЦЕ БЛОК 03 ОПШТИНА ШТИП

Парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба

Број на градежна парцела	Поединечна намена	Компатибилни класи на намени	максимален дозволен процент на компатибилни класи на намени (%)	Површина на градежна парцела (м²)	површина за градење (м²)	Вкупна изградена површина на сите спратови (м²)	Максимална дозволена катност	Максимално дозволена височина до хоризонтален венец на градбите (м	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност (k)	паркирање	напатамошна разработка
03.01.01	Е2.1-Згради и комплекси на патниот сообраќај - автобуска станица	Б2, Б2.4	40%	8371	6869	5860	П+1	8.50	70.0%	0.70	во градежна парцела	со Урбанистички проект
03.01.02	Б6.1-Стадион и арени за фудбал, атлетика и манифестации-стадион	Б1,Б3,Д3	40%	26651	18655	25000	П+4	21.00	70.0%	0.94	дел во места во градежна парцела и дел на јавен паркинг/ катна гаража	со Урбанистички проект
03.01.03	Б6.5-Конгресни и конференциски сали - конференциска сала ПОСТОЈНИ ГРАДБИ ПОТВТДЕНИ СО ИМФОРМТИВНА ЛИНИЈА БЕЗ ПРАВО НА РАЗВОЈ	/	/	210	188	558	П+2	постојна	88.7%	2.66	/	/
03.01.04	Б1.5-Ресторани,кантини, кафеани, кебапчилници, сендвичари-кафани	/	/	186	108	216	П+1	6.5	58.0%	1.16	во катна гаража	/
03.01.05	Б1.5-Ресторани,кантини, кафеани, кебапчилници, сендвичари-кафани	/	/	192	103	206	П+1	6.5	53.8%	1.08	во катна гаража	/
03.01.06	Е1.8 - трафостаница 10/0.4kV 630/(1000) kVA	/	/	40	14	14	П	3.5	34.8%	0.35	/	/
03.01.07	Е1.2-згради и комплекси на патниот сообраќај-катна гаража	/	/	514	411	1644	П+3	12	80.0%	3.20	/	/
	ВКУПНО			36164	25337	33498	/		70.1%	0.93		

1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

За предметниот плански опфат се изработува **детален урбанистички план** согласно Законот за урбанистичко планирање („ Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/2020 и бр. 111/2023) со наслов **Детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип .**

Подрачјето опфатено со предметниот детален урбанистички план е на територија на Општина Штип, во централниот дел на град Штип, во КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5.

Планскиот период за кој се врши планирање на просторот опфатен со **Детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип** изнесува **пет години** односно за **период 2023-2028**, а согласно член 22 став 2 од Законот за урбанистичко планирање („ Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/2020 и бр. 111/2023) .

2. ПРЕЦИЗЕН ОПИС НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СПОРЕД ГРАНИЦИТЕ НА КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ СО КОИ СЕ СОВПАЃА, РЕГУЛАЦИОНИ ЛИНИИ, ОСКИ НА УЛИЦИ ИЛИ ДРУГИ ЕКСПЛИЦИТНИ ЛИНЕАРНИ СИМБОЛИ НА ГЕОДЕТСКАТ ПОДЛОГА

Планскиот опфат дефиниран за изработка на **Детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип,** со својата местоположба припаѓа на територија на Општина Штип , во централниот дел на град Штип.

Границата на планскиот опфат е утврдена во графичкиот дел на ГУП за град Штип плански период 2014-2029, донесен со Одлука бр.08-7987/1 од 31.12.2022г., согласно одредбите за спроведување на ГУП-от, како граница на детално планирање и за секој плански опфат се дадени границите на детален урбанистички план.
Вака дефинираната граница на планскиот опфат се совпаѓа со осовина на собирни сообраќајници планирани со ГУП и осовина на водени текови .

Границата на планскиот опфат претставена описно е следна:

-од запад- северозапад границата се совпаѓа со осовина на речно корито на река Брегалница;
-од југозапад границата се совпаѓа со осовина на улица „ Гоце Делчев";
-од југоисток границата се совпаѓа со осовина на улица „ Партизанска" и
- од североисток границата се совпаѓа со осовина на улица „ Вардарска".

Површината во границите на планскиот опфат изнесува **6,67 ха**. Должината на границата на планскиот опфат изнесува **1124,75м**.

Геодетско одредување на границата на планскиот опфат е претставена со прекршочни точки нумерирани од **1-17**, со следните координати по Y и X:



и точки

Точка бр.	Y	X	
1	7599528.056	4622865.176	
2	7599476.642	4622911.55	
3	7599455.716	4622928.301	
Лак 1. Испакнатост 0.0607 Центар Y=7599418.2216 X=4622881.4583 радиус 60.0000 почетен агол 51 завршен агол 65			
4	7599443.363	4622935.937	
Лак 2 Испакнатост 0.0647 Центар Y=7599418.2216 X=4622881.4583 радиус 60.0000 почетен агол 65 завршен агол 80			
5	7599428.611	4622940.552	
6	7599360.957	4622952.446	најсеверна
7	7599329.402	4622762.6	
лак 3 испакнатост -0.1736 Центар Y=7599230.7494 X=4622778.9612 радиус 100.0000 почетен агол 351 завршен агол 311			
8	7599296.601	4622703.704	
9	7599254.725	4622667.062	најзападна
10	7599298.769	4622618.94	
Лак 4 испакнатост -0.0882 центар Y=7599077.4681 X=4622416.3921 радиус 300.0000 почетен агол 42 завршен агол 22			
11	7599355.008	4622530.285	најјужна
Лак 5 испакнатост 0.0030 Центар Y=7599313.7523 X=4622601.5770 радиус 82.3689 почетен агол 300 завршен агол 301			
12	7599355.853	4622530.78	
Лак 6 испакнатост 0.1452 центар Y=7599313.2339 X=4622602.4487 радиус 83.3831 почетен агол 301 завршен агол 334			
13	7599388.04	4622565.613	
14	7599401.275	4622586.562	
Лак 7 испакнатост -0.0447 центар Y=7599704.8765 X=4622405.2866			

радиус 353.6024 почетен агол 149 завршен агол 139			
15	7599438.36	4622637.674	
16	7599537.242	4622745.1	
17	7599584.94	4622798.328	најисточна

3. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИ ПОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО КОИ С ОДНЕСУВААТ НА ПОДРАЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ЗАФАТ И ПРЕТСТАВУВААТ ОБВРСК ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Стратешките определби за **Детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Бло 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип** ко произлегуваат од урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат н подрачјето на планскиот зафат, произлегуваат од посебните услови за изградба , разво и користење на земјиштето и градбите за спроведување на ГУП за град Штип планск период 2014-2029, донесен со Одлука бр.08-7987/1 од 31.12.2022г., и посебните одредб --нумерички показатели за дозволени класи на намени и групи на класи на намени з градските четврти.За предметниот плански опфат релевантна четврт е **ЦЕ 03.**

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Целите на изработката на **Детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Бло 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Шти** произлегуваат од целите во ГУП за град Штип, како што се: ефикасна организација н сообраќајот, заштита на животната средина, подигање на квалитет на урбанат инфраструктура, и други, а чија реализација е дефинирана преку одредбите за негово спроведување по пат на изработување и донесување на детални урбанистички планови н кој е поделен планскиот опфат на ГУП. Заради законската облигација деталните урбанистички планови да мораат да се усогласени со ГУП, сите детални урбанистичк планови донесени до денот на усвојување на ГУП Штип 2014-2029 како акти з спроведување на ГУП, мораат да претрпат усогласување со новиот ГУП, според што потребно е да се изврши програмско , планско и нормативно усогласување на планскио опфат утврден со границите на ЦЕ 03 во ГУП за град Штип.

Изработка на овој детален урбанистички план треба да овозможи пред се

-ефикасна организација на елементите во просторот во функција на потребите на граѓаните;

-уредување на намената на земјиштето и објектите;

-создавање на подобри услови во обезбедување на комуналните стандарди во областа на водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води, снабдување со енергија, електронските комуникации ,

- обезбедување на сообраќаен пристап до градежните парцели од секунарна улична мрежа;

- поголема уреденост и оранизираност на зеленилото во планскиот опфат,

- максимално користење на просторот од аспект на фунционалност, капацитет:
- можност за поставување на комплементарни и компатибилни намени од класата на намени Б во класата на намени Е2-автобуски терминал;
- зголемување на техничките и просторни опремености на градскиот стадион.

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО КОИ СЕ ПОСТИГНУВААТ ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ, СО ОСВРТИ НА СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД ПЛАНИРАНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА И ОДРЕДБИ

Концептот за просторниот развој на предметниот плански опфат на **Деталниот урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип** произлегува од планските решенија на ГУП за град Штип плански период 2014-2029, како план од повисок степен врз основа на кој се изработува ДУП, и постојната состојба на предметниот простор. Предметниот плански опфат се наоѓа во централниот дел на градот, и со овој урбанистички план се врши оформување на градежни парцели со намена согласно намените дефинирани за урбана четврт ЦЕ 03 од ГУП за град Штип плански период 2014-2029, со рационално користење на градежното земјиште како просторен ресурс , со планирање на комплементарни и компатибилни намени .

Наменската употреба на градежното земјиште во границите на планскиот опфат е одредена со следните групи на класи на намени:

Б - Комерцијални и деловни намени
Е - Инфраструктури
Д - Зеленило , рекреација и меморијални простори
Реки

Земјиштето во планскиот опфат е се состои од парцелирано градежно земјиште на кое се формирани на градежни парцели од групите класи на намени Б1- Мали единици за комерцијални дејности, Б6- Простори за собири и публика, Е1-сообраќајни, линиски и други инфраструктури-Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија и Е2 – Згради и комплекси на инфраструктурните системи, и непарцелирано земјиштето за општа употреба кое ги опфаќа групите класи на намени Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури, Д1- Парковско и пејзажно зеленило и Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило. Во границите на планскиот опфат влегува и дел од корито река Брегалница

Планираната сообраќајна мрежа е усогласена со законската регулатива и зададената сообраќајна мрежа со ГУП, при што се почитуваат и сообраќајниците предвидени со ДУП за СРЦ Брегалница и АУП за формирање на градежни парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 со намена Д3 –спорт и рекреација од ГП 1 од ДУП за СРЦ Брегалница. Уличната мрежа се состои од собирни улици чиј осовини се поклопуваат со границите на планскиот опфат , една сервисна улица испланирана помеѓу парцелата на автобуската станица и парцелата на стадионот што се крстосува со улица „ Вардарска“ , како и планирани колско-пешачка и пристапна улица, преку кој е обезбеден пристап до градежните парцели од секундарна улична мрежа.Паркирање се предвидува во градежните парцели со исклучок на парцелата на стадинот , за чии потреби, во деновите на максимална посетеност , може да се користат и паркинзите во околината.

Покрај речното корито планирано е јавно урбано зеленило во кое може да има пешачки и велосипедски патеки со пратечка опрема и градби, како и спортски градби, или парковски површини и др. Покрај ова , со планот се планирани зелени површини со

ограничена намена **Д2** – Заштитно и сообраќајно зеленило односно Д2.1- Линиско сообраќајно зеленило, разделно зеленило , односно зеленило на разделните појаси помеѓу коловозите .

Во рамки на опфатот формирани се 7 градежни парцели.
Вкупна површина за градење на ниво на плански опфат изнесува 54,2%.
Површина под сообраќајни површини 23 % .
Површина за зеленило 7,5% .
Процентот на изграденост изнесува 70,1 % .
Коефициентот на искористеност изнесува 0,93 .

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА , СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКРУРА

6.1 Опис и образложение на планските решенија за изградба

Планските решенија за **Деталниот урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип** произлегуваат од планските решенија во ГУП врз основа на кој се изработува овој детален урбанистички план , планските решенија од постојните детални планови за планскиот опфат како и постојната состојба евидентирана на ажурираната геодетска подлога и увидот на терен, усогласени со потребите и можностите за рационално користење на земјиштето. Предметниот простор претставува градско изградено и уредено градежно земјиште.

Планскиот опфат е со површина од **6,67** ха , дефиниран во еден блок **ЦЕ 03.01 и се состои од 7 градежни парцели ,** од три страни ограничен со осовини на примарна улична мрежа – собирни улици и од една страна граничи со осовина на коритото на река Брегалница.

Во границите на планскиот опфат се формираат седум градежни парцели за изградба на градбите со намени согласно ГУП , од кои **две градежни парцели** со **поединечна намена - Б1.5**- Ресторани, кантини, кафеани, ќебапчилници, сендвичари- **кафеани** , **една градежна парцела** со поединечна намена **Б6.5**-конгерсни и конференциски сали-**конференциска сала** , **една градежна парцела** со поединечна намена **Б6.1**- Стадиони и арени за фудбал , атлетика и манифестации- **стадион**, **една градежна парцела** со поединечна намена **Е 2.1** –Згради и комплекси на патниот сообраќај-**автобуска станица**, **една градежна парцела** со намена **Е1.8-** Инфраструктури за пренос на електрична енергија-**трафостаница** и **една градежна парцела** со намена **Е2.1**-згради и комплекси на патниот сообраќај- **катна гаража**. Градежните парцели се со дефинирана површина за градба со градежна линија зададена во графичките прилози, и со информативна линија за постојните градби за кој не се предвидува иден развој. Градскиот стадион опфаќа најголем дел од површината на планскиот опфат и истиот е планиран за околу 13000-15000 посетители во склад со планираното за градежната парцела на стадионот во ДУП за СРЦ Брегалница.

Во состав на градежните парцели се планира зеленило со мин. процент 20 % согласно Закон за урбано зеленило.

Стационарниот сообраќај се планира во состав на градежните парцели со обезбедување на потребен број на паркинг места, , со исклучок на парцелата на стадионот , за кој покрај паркирање во градежната парцела, поради големиот број на

потребни паркинг места при максимална посета во деновите на позначајни натпревари, ќе се користат и останатите јавни паркинзи предвидени со ДУП за СРЦ Брегалница, како и околните изградени паркинзи при што ќе има и посебен режим на сообраќајот, и за парцелите со намена Б1.5 за кој паркирањето се обезбедува во катната гаража.

За поврзување на стадионот со спортскиот центар кој е планиран од спротивната страна на планскиот опфат, преку коритото на река Брегалница се задржува пешачкиот мост планиран со ДУП за СРЦ Брегалница.

Градежното земјиште за општа употреба го опфаќа зеленилото во рамки на планскиот опфат испланирано како парковско и пејзажно зеленило со поединечна намена **Д1.2-Јавно урбано зеленило**- односно зелен коридор покрај коритото на река Брегалница, во кое може да има пешачки и велосипедски патеки со пратечка опрема и градби,како и спортски градби, или парковски површини и др. Покрај ова , со планот се планирани зелени површини со ограничена намена **Д2** – Заштитно и сообраќајно зеленило односно **Д2.1-** Линиско сообраќајно зеленило, разделно зеленило , зеленило на разделните појаси помеѓу коловозите.

Сообраќајната улична мрежа ја сочинуваат примарна и секундарна улична мрежа, и тоа собирни сообраќајници утврдени со ГУП , по чија осовина е дефинирана границата на планскиот опфат и една новопланирана сервисна улица која ја следи улицата во стадионот испланирана со ДУП за СРЦ Брегалница, која продолжува до парцелата на автобуската станица и се приклучува на ул. Партизанска. Од оваа улица се обезбедува пристапот до градежните парцели. До градежните парцели со намена Б1.5 и Б6.5 пристапот е пешачки преку тротоари , а режимски возила пристапуваат преку тротоар.

6.2 Наменската употреба на градежното земјиште во граници на планскиот опфат

Наменската употреба на градежното земјиште во граници на планскиот опфат го сочинуваат следните класи на намени:

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ со вкупна површина од 27239 м^2 или 40.9% од површината на планскиот опфат.

Е - ИНФРАСТРУКТУРИ со вкупна повшина од 24189 м^2 или 36,3% од површината на планскиот опфат.

Д - ЗЕЛЕНИЛО , РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ со вкупна површина од 5058м^2 или 7,6% од површината на планскиот опфат и

РЕКИ – ВОДИ со вкупна површина од 10191 м^2 односно 1,02 ха или 15,3 % од површината на планскиот опфат.

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ/m²	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА /m²	ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ
66678	Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	27239	40.9%
	Д-ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	5003	7.5%
	Е-ИНФРАСТРУКТУРИ	24245	36.4%
	РЕКИ	10191	15.3%
	ВКУПНО	**66678**	**100.0%**

Од вкупното земјиште во планскиот офат ,земјиштето парцелирано за иградба изнесува 36128м^2 или 54,2%, и непарцелирано земјиште за општа употреба изнесува 30549м^2 или 45,8%.

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (m²)	ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ	ПОВРШИНА (m²)	ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ (%)
66678	ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА	36164	54.2%
	ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА	30513	45.8%
	ВКУПНО	66678	100.0%

6.2.1 Наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба

Планскиот опфат е дефиниран во еден (1) блок ЦЕ 03 и се состои од седум (7) градежни парцели . Градежните парцели се нумерирани со арапски цифри, според која се изработени урбанистички параметри за секоја градежна парцела поединечно на ниво на планскиот опфат и истите се прикажани во графичкиот прилог синтезен план.

Наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба е следна:

Класата на намени **Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ** е застапена со следните групи на класи на намени:
-Група на класа на намена Б1- **Мали единици за комерцијални дејности** , е застапена со површина од 378 м^2 или 0,57% од површината на планскиот опфат , или две (2) градежни парцели со поединечна намена - **Б1.5**- Ресторани, кантини, кафеани, ќебапчилници, сендвичари- кафеани.
-Група на класа на намена **Б6- Простори за собири и публика** е застапена со површина од 26861м^2 или 40,28% од површината на планскиот опфат или една (1) градежна парцела со поединечна намена **Б6.1**- Стадиони и арени за фудбал , атлетика и манифестации-стадион и 1 градежна парцела со поединечна намена **Б6.5**-конгерсни и конференциски сали- конференциска сала.

Класата на намени **Е - ИНФРАСТРУКТУРИ** - е застапена со група на класа на намена **Е 2 – Згради и комплекси на инфраструктурните системи** со површина од 8849 м^2 или 13,3% од површината на планскиот опфат , со планирани две градежни парцели со поединечна намена **Е 2.1** –Згради и комплекси на патниот сообраќај- од кои една градежна парцела за автобуска станица и една градежна парцела за катна гаража, и група на класи на намени **Е1-Сообраќајни, линиски и други инфраструктури** со планирана една градежна парцела со поединечна намена Е1.8-Инфратсруктури за пренос на електрична енергија со површина од 40м^2 или 0,1% од површината на планскиот опфат.

Во сите градежните парцели се предвидува зеленило мин.20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на РМ бр.11/2018 и 42/2020) .

Наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба може да се претстави и табеларно на следниот начин:

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (m²)	НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА	ПОВРШИНА (m²)		ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ (%)
66678	Б1.5-РЕСТОРАНИ,КАНТИНИ КАФЕАНИ, КЕБАПЧИЛНИЦИ, СЕНДВИЧАРИ - КАФАНИ	378	378	40.9%
	Б6.1-СТАДИОНИ АРЕНИ ЗА ФУДБАЛ, АТЛЕТИКА И МАНИФЕСТАЦИИ	26651	26861	
	Б6.5-КОНГРЕСНИ И КОНФЕРЕНЦИСКИ САЛИ	210		
	Е2.1-ЗГРАДИ И КОМПЛЕКСИ НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ - АВТОБУСКА СТАНИЦА	8371	8885	13.3%
	Е2.1-ЗГРАДИ И КОМПЛЕКСИ НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ - КАТНА ГАРАЖА	514		
	Е1.6 - ТРАФОСТАНИЦА	40	40	0.1%
ВКУПНО			36164	54.2%

6.2.1 Наменската употреба на градежното земјиште за општа употреба

Градежното земјиште за општа употреба ги опфаќа класите на намени **Е - ИНФРАСТРУКТУРИ** и класата на намени **Д-ЗЕЛЕНИЛО , РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ .**

Намена **Е- Инфраструктури** е застапени со група на класа на намена **Е1 –** Сообраќајни, линиски и други инфраструктури во која влегува примарната и секундарна улична мрежа , пешачките површини, пешачки патеки , со површина од 15319 м² или 23% од површината на планскиот опфат .

Класата на намени **Д - ЗЕЛЕНИЛО , РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ** е застапена со група на класи на намени **Д1-** Парковско и пејзажно зеленило со површина од 3927м² или 5.88% од површината на планскиот опфат и поединечна намена Д1.2- Јавно урбано зеленило и група на класа на намени **Д2** – Заштитно и сообраќајно зеленило со површина од 1077 м² или 1,62% од површината на планскиот опфат со поединечна намена Д 2.1- Линиско сообраќајно зеленило, разделно зеленило, односно вкупното зеленило во планскиот офат со намена Д изнесува 7,5%.

Зелените коридори се планирани долж река Брегалница, и можат да се постават долж улиците , секаде каде што има услови. Во овие површини треба да се отклонат времените градби, да се почитуваат правците на пешачкото движење и движењето со велосипеди, а изборот на садниците да биде прилагоден на примарната намена.

Река-Води

Во границите на планскиот опфат влегува дел од коритото на река **Брегалница** со површина од 10191 м² односно 1,02 ха или 15,3 % од површината на планскиот опфат. Границите на коритото на реката во целост е превземено од ГУП за град Штип.

Наменската употреба на градежното земјиште за општа употреба може да се претстави и табеларно на следниот начин:

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (m²)	НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ОПШТА УПОТРЕБА	ПОВРШИНА		ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ
		(m²)		%
66678	Д1.2-ЈАВНО УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО	3926	5003	7.5%
	Д2.1-ЛИНИСКО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО,РАЗДЕЛНО ЗЕЛЕНИЛО,ЗАШТИТНО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО НА КРСТОСНИЦИ И ЈАЗЛИ	1077		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-Примарна улична мрежа	6862	15319	23.0%
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-Секундарни сообраќајници	2322		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-колско пешачки улици	863		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-тротоари	3594		
	Е1.1-СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРСТРУКТУРИ-пешачки површини	1678		
	РЕКИ	10191	10191	15.3%
ВКУПНО			**30513**	**45.8%**

6.4 Сообраќајна инфраструктура

Уличната мрежа планирана во планскиот опфат на **Деталниот урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип** , е поставена врз основа на уличната мрежа планирана со ГУП за град Штип плански период 2014-2029, и постојната состојба , како и претпоставките за движење на моторниот и пешачкиот сообраќај во согласност со намената и организацијата на предметниот простор.

Сообраќајната инфраструктура се состои од примарна и секундарна улична мрежа.

Примарната улична мрежа е поставена според ГУП за град Штип плански период 2014-2029, се состои од следните улици:

1. Собирна улица „ Гоце Делчев" од мост -В.21 Профил 1-1
- Тротоар 2,00м
- Коловоз .....(2x5,0м) =10,00м
- Тротоар .....2,00 м
Вкупно: 14,00м

2. Собирна улица „ Партизанска " В.21-В.20 Профил 2-2
- Тротоар 3,50м
- Коловоз .....(3x3,50м) =10,50м
- Средишно разделно зеленило 2,00м
- Коловоз .....(3x3,50)=10,50м
- Тротоар .....3,50 м
Вкупно: 30,00м

3. Собирна улица „ Вардарска " В.22-В.20 - Профил 3-3
- Тротоар 2,00м
- Коловоз .....(2x3,50м) =7,00м
- Коловоз .....(2x3,50м) =7,00м
- Тротоар 2,00м
Вкупно: 18,00м

Секундарната улична мрежа се состои од новопланирана сервисна улица.

4. Сервисна улица " Новопланирана 1" - Профил 4-4
- Тротоар 2,50м
- Коловоз .....(2x3,25м) =6,50м
- Тротоар .....2,50 м
Вкупно: 11,50м

5. Пешачки површини/тротоар преку кои ќе се одвива пешачкиот пристап до градежните парцели и ќе се користи како и пристап за режимски возила се со следните профили:

-пешачки површини / тротоар – променлив профил 3-13м.
-пешачки површини/тротоар 7,00м

Кривините и радиусите на уличната мрежа се според прописите од областа на сообраќајот.Вертикалната и хоризонталната сообраќајна сигнализација треба да биде изведена согласно прописите од сообраќајот.

Стационарниот сообраќај-паркирање и /или гаражирање на потребен број на паркинг места е планирано во рамки на градежните парцели. Доколку не се обезбеди потребен број на паркинг места во градежната парцела , не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.

По исклучок, за парцелата со намена Б6.1-стадион , дел од паркирањето ќе се обезбеди во состојбена парцела надземно и подземно и дел на земјиште за општа употреба, односно околните паркинзи и катната гаража .

Со овој пплан се задржува и пешачкиот мост преку река Брегалница , планиран со ДУП за СРЦ Брегалница.

Сообраќајните површини зафаќаат 15319 м^2 или 23 % од површината на планскиот опфат.

6.5.Нивелманско решение

Со изработка на деталниот урбанистички план пристапено е кон изработка на нивелманско решение за истиот. Предмет на изработка на нивелманско решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници. Појдовна основа за изработката на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот. Подолжните падови се движат во граници на дозволените и истите се дадени во графичките прилози за секоја улица. Нивелетите на сообраќајниците ќе се уточнат со Урбанистички проект/и за реализација на градбите.

6.6 Хидротехничка инфраструктура

Планскиот опфат што се обработува со овој ДУП за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип е во рамки на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план за град Штип за плански период 2014-2029. Вкупната големина на планскиот опфат изнесува П=6.67ha
Намените во планскиот опфат утврдени со ГУП се следните:
Б - Комерцијални и деловни намени 3.74ха или 56.07%
Е1- Комунална инфраструктура –јавни отворени простори, улици и јавни паркинзи 0,98 ха или 14,69%
Е2- Комунална супраструктура 0,93 ха или 13,96 %
Реки-води 1, 02 ха или 15,28%

6.6.1Водоснабдување

За планскиот опфат потребно е да се обезбеди санитарна, техничка и вода за противпожарна заштита. Поради тоа што во граници на планскиот опфат нема евидентирано објекти со намена домување и не постои можност за определување на бројот на жители, за пресметување на потребната количина на санитарна вода предвидена е водоснабителна норма условена од големината на планскиот опфат и истата изнесува Qo = 30 m^3/den/ha). Потребната количина на техничка вода за полевање на зелени површини и миење на улици и поплочени површини, предвидено е да се обезбеди од посебна мрежа со користење на подземни води. Потребната количина на техничка вода е усвоено да изнесува 5.0 (l/m^2/den).
За планскиот опфат се претпоставува појава на еден пожар, со времетраење од 2 часа и количина на вода од 10.0 (l/s). За превентивна заштита од пожар, се предвидува едновремена работа на два надворешни пожарни хидранти Ф80 mm, со проток од по 5.0 (l/s). Вкупната потребна количина на вода ќе изнесува:

Во случај расположивиот притисок во градската водоводна мрежа да не ги задоволува потребите на предвидените објекти во планскиот опфат, проблемот со недостаток на притисок ќе се решава локално (за секој објект поодделно) со монтажа на хидростаници за зголемување на притисокот

Потребна количина на вода за санитарни потреби
водоснабдителна норма (Qo) .....30 m^3/den/ha)..
коефициент a1.....1.5
коефициент a2 .....1.3

Qsr/den = F x Qo = 6.67 x 30 = 200.00 m^3/den
Qmax/den = Qsr/den x a1= 200 x 1.5 = 300 m^3den
qmax/den = Qmax/den/86400 = 300000 / 86400 = 3.47 l/s
Qmax/cas = Qmax/den x a2 /24 = 300000 x 1.3 / 24 = 16250 l/h

qmax/cas = Qmax/cas / 3600 = 16250 / 3600 = 4.51 l/s

Потребна количина на техничка вода
Одржување на јавни површини и зеленило
Qp = Qs x F
Qs = 4.0 – 6.0 l/m^2/d усвоено Qs=5.0 l/m^2/d
F = 2.56 ha = 25643 m^2
Qp = 5.0 x 25643 = 128215 l/d = 1.48 l/s
Qp = 1.48 l/s

Потребна количина на вода за противпожарна заштита
Qp = 2 x 5.0 = 10 l/s

Према добиената максимална часова потрошувачка и пожарната вода, се добива вкупно потребната количина на вода потребна за водоснабдување на планскиот опфат Qvk=14.51 l/s

Усвоен е цевковод од полиетиленски цевки PE100 OD160mm (DN150mm).

Водоснабдувањето на објектите во планскиот опфат се предвидува да се врши со поврзување на опфатот со постоечките главни водови Ф300mm на ул. Вардарска и ул. Партизанска.

За надворешна противпожарна заштита на објектите во планскиот опфат предвидени се ПП хидранти Ф80mm согласно правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожар.

6.6.2 Канализација

Во планскиот опфат што се обработува со овој ДУП се планира изградба на сепаратен систем на канализација, односно посебна канализациона мрежа за одведување на фекалните отпадни води и посебна канализациона мрежа за атмосферска канализација. Со проекцијата на хидротехничкат инфрастуктура се предвидува генерално решавање на канализационите мрежи и истите ќе се состојат од канализациони колектори кои што ќе се водат по предвидените улици во опфатот.

-Фекална канализација

Количината на фекалните отпадни води која ќе се канализира се пресметува како 80% од употребената вода, зголемена за 10% поради инфилтрација на подземни води.

Количина на фекални отпадни води
Qfek = (0.8 x F x Qo x a1 x a2 x 1.10) / (24 x 60 x 60) l/s
Qfek = 0.8 x 6.67 x 30 000 x 1.5 x 1.3 x 1.10 / 86400
Qfek =3,97 l/s

Во рамките на планскиот опфат кој се наоѓа во централното градско подрачје постои развиена мрежа за фекална канализација. Постојната канализациона мрежа е оформена од колектори односно цевки изработени од различен материјал и попречен профил.

Според планската документација за опфатот, по предвидените улици предвидено е да се води мрежа за фекална канализација која треба да се изведе од пластични ПП канализациони цевки со минимален дијаметар DN250mm и армитанобетонски шахти. Предвидената канализациона мрежа гравитационо ќе се поврзе на веќе изградената канализациона мрежа и преку неа фекалните отпадни води ќе се одведат до планираната ПСОВ на град Штип.
Хидрауличките пресметки за добивање на точните димензии на фекалната канализациона мрежа ќе бидат дадени во основен проект и ќе бидат условени од конфигурацијата на теренот и неговиот пад. На тој начин ќе се добијат и потребните параметри за димензионирање на мрежата со потребни пресеци и падови.

6.6.3 Атмосферска канализација

Атмосферската канализација ќе ги евакуира атмосферските води од кровните површини на објектите, од површините на улиците и тротоарите и зелените површини. Во планскиот опфат или во негова непосредна близина нема постојна атмосферска канализациона мрежа. Според оваа планска документација, по предвидените улици предвидено е да се води мрежа за атмосферска канализација која треба да се изведе од пластични ПП канализациони цевки со минимален дијаметар DN300mm и армитанобетонски шахти. По нивното колектирање, атмосферските води гравитационо ќе се испуштат во Река Брегалница која се наоѓа во рамките на опфатот на овој ДУП.

Точното место на испуштање и испусните објекти ќе бидат дефинирани во идна проектна документација.

Количина на атмосферски води од планскиот опфат

Вкупна сливна површина на комлексот F = 6.67 ha = 66700 m^2

-површина под градби F1 = 8077.00 m^2

-површина под улици, тротоари, патеки F2 = 11111.00 m^2

-тревни површини F3 = 43033.00 m^2

Qatm = F x q x f x ψ

F – површина (ha)

q = 110 l/s/ha – меродавен дожд

f=1 коефициент на ретардација

ψ – коефициент на оттекување

Qatm = F1 x q x ψ1 + F2 x q x ψ2 + F3 x q x ψ3 = 0.81 x 110 x 0.90 + 1.11 x 110 x 0.90 +.4.30 x 110 x 0.25 = 80.19 + 109.89 + 118.25 = 314.36 l/s

Qatm = 308.33 l/s

Хидрауличките пресметки за добивање на точните димензии на атмосферската канализациона мрежа ќе бидат дадени во основен проект и ќе бидат условени од конфигурацијата на теренот и неговиот пад. На тој начин ќе се добијат и потребните параметри за димензионирање на мрежата со потребни пресеци и падови.

Со реализација на планската документација и сообраќајното регулирање, ќе се зголемат количините на атмосферски води во опфатот во зависност од големината на кровните, асфалтираните или поплочени површини. Дел од тие води ќе истекуваат по природен пат кон тревните или земјаните површини, а останатите ќе се зафатат со атмосферска канализациона мрежа и ќе се испуштаат во најблискиот реципиент Река Брегалница

Хидротехничките инсталации ќе се водат во претходно припремен ров, со длабочина и ширина во зависност од дијаметарот на цевките и падот на теренот.

6.7 Електроенергетска и комуникациска инфраструктура и јавно осветлување

•Според податоците добиени од **Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со допис бр. 10-25/3-61 од 14.02.2023г.** во границите на планскиот опфат постои подземна електроенергетска мрежа , презентирана во графичкиот прилог:

-35 kV подземна мрежа

-10(20) kV подземна мрежа

- 0.4 kV подземна мрежа

Според податоците од **АД МЕПСО добиени со допис бр. 11-2528/1 од 25.04.2023г.,** предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

На основа добиените графички прилози и останати потребни параметри пристапено е кон изготвување на планиран развој на електро-енергетски објекти и мрежи и телефонска мрежа.

Основни содржини во просторот се:

Б - Комерцијални и деловни намени 3.74ha или 56.07%

Е1- Комунална инфраструктура –јавни отворени простори, улици и јавни паркинзи 0,9 ха или 14,69%

Е2- Комунална супраструктура 0,93 ha или 13,96 %

Реки-води 1, 02 ha или 15,28%

Доминантна класа на намени Б6-простори за собири

Површина на блок 03 изнесува 6,67 ha.

Елекротроенергетска инфраструктура за планскиот опфат

Со разработка на секој блок се утврдува потребата од планирани трафостаници.
Новопланираните трафостаници ќе се градат односно реализираат и поврзат на среднонапонската мрежа во зависност од плановите на развојната програма на ЕВН Македонија - Скопје.
Локацијата за новите трафостаници ќе биде дефинирана во соработка со стручната служба на ЕВН Македонија - Скопје - Сектор за развој и инвестиции, а во согласност со постојните услови и планскиот концепт за електро снабдување.
Развојот на среднонапонската 10 kV мрежа и нисконапонската кабловска 1kV мрежа се планира да се изведе односно надгради на постојната со кабловски врски.
Во планскиот опфат планирани се следните содржини:

Б - Комерцијални и деловни намени 3.74ha
Е1- Комунална инфраструктура - јавни отворени простори, улици и јавни паркинзи 0,9 ha
Е2- Комунална супраструктура 0,93 ha
Реки-води 1, 02 ha
Доминантна класа на намени Б6-простори за собири
Површина на блок 03.01 изнесува 6,67 ha.
Прогнозата за потребна едновремена ел. снага и димензионирање на електроенергетската мрежа се определува према следните електроенергетски параметри:

А- домување..... 0,1 kW/м2
Б- комерцијални и деловни дејности..... 0,05 kW/м2
В - јавни институции 0,2 kW/м2
Г- производство, дистрибуција и сервиси.....0,03 kW/м2
Д- зеленило, спорт и рекреациоја 0,035 kW/м2
Е- инфраструктура..... 0,89 W/м2
- коефициент на едновременост..... 0,5

1. ДОМУВАЊЕ-А
0.1(kW/m2)x0x10000(m2)=0(kw)
2. КОМЕРЦИЈАЛНИ ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ФУНКЦИИ -Б
0.05(kW/m2)x3,74(ha)x10000(m2)= 1870(kw)

3. ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ -В
0.2(kW/m2)x0.0x10000(m2)=0.0(kw)
4.ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ -Г
0.03(kW/m2)x0.0x10000(m2)=0.0(kw)
5.ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И РЕКРЕАЦИОЈА -Д
0.035(kW/m2)x0,0x10000(m2)=0.0(kw)
6. инфраструктура **-Е**
0.89(W/m2)x(0.98+0.93)(ha) x10000(m2)=16999(W)

Планскиот опфат изнесува 6,67ha .
Според горната пресметка потребата од електрична енергија е 1870+16.999 =1887kW ако се земе во обзир и факторот на едновременост (0.5) потребата би била 944 kW тоа е една трафостаница од 1000kVA =1(трафостаница).
Врз основа на Урбанистичкиот план и направените анализа за потребна едновремена ел. снага, предложена е 1 (една) локација за градба на нова трафостаница 10/0,4 kV, со снага од 630/(1000) kVA.
Според тоа за новопредвидената трафостаница определена е една градежна парцела ГП 03.01.06, за која ке се разработува во понатамошната постапка на изготвување техничка документација (урбанистички проекти, идејни и основни проекти за ел. мрежа), и во зависност од реализацијата на програмските определби на надлежно дистрибутивно претпријатие (ЕВН).
За да се поврзат новопредвидените трафостаници на среднонапонска (10 kV) ел. мрежа, потребно е да се изготват ИДЕЈНИ ПРОЕКТИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА од страна на овластени претпријатија во соработка на стручните склужби на надлежно дистрибутивно претпријатие (ЕВН).

6.7.1 Улично осветлување

Постои изградена инсталација за јавно осветлување на дел од сообраќајниците во граница на планскиот опфат.
Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа"В-2", споредни, локални
- класа "В", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

"В-2" (С)

• сјаност на коловозот	Lm=1-1,5 cd/m2
• средна погонска осветленост	Esr=15-25 Lx
• просечна рамномерност	jr=40%
• висина на монтажа на светилките	H=8m
• светлосен извор	VTFE-250W
• начин на поставување	
• еднореден	

"В" - паркинг простори

• средна погонска осветленост	Esr = 10-20 Lx
• просечна рамномерност	jr = 25 %
• висина на монтажа на светилките	N= 8(10) (m)

- светлосен извор — VTFE - 250 W
- начин на поставување — двореден (еднореден)

6.7.2 Комуникациска инфраструктура

•Според податоците добиено во **дописот бр. 1404-550/2 од 13.02.2023г. од Агенција електроски комуникации,** во границите на планскиот опфат постои изграде телекомуникациска мрежа:

Според податоците добиени во **дописот бр 11-730/1 од 08.02.2023г. од А1 Македони ДООЕЛ Скопје**, има постојни подземни/надземни инсталации, доставени во графи прилог.

Не се доставени податоци од Македонски Телеком.

Во населено место постои телефонска мрежа.
Примарната телефонска мрежа е изведена со подземен телефонски вод, секундарната телефонска мрежа е изведена со воздушни телефонски водов прицврстени на бетонски или дрвени столбови.
Телекомуникациските коридори за новата инфраструктура се планирани да с поставуваат во површините на тротоарите и пристапните улици со надоврзување н постоечката мрежа.
Развојот на телефонската мрежа се планира да се изведе претежно како кабловск водена во земјени ровови и делумно во телефонска канализација до собирн распределителни ормани со дефиниран манипулативен простор со димензии 1,0м 0,5м. Бројот и местоположбата на овие инфраструктурни објекти ќе биде дефинира согласно развојните потреби на мрежата, во коридорот на тротоарот или надвор о коридорот на тротоарот (во зависност од конкретната ситуација и услови на теренот), во соработка со стручните служби на Македонски Телеком АД Скопје.

Приклучокот на сите телефонски претплатнички места ќе биде во најблиската автоматск дигитална централа.

6.8 Топлификациска мрежа

Начинот на загревање на просториите е од големо енергетско значење, бидејќ приближно 40% од вкупната потрошувачка на енергија во големите градови се користи за греење на градбите.

Од добиените податоци и информации во граници на планскиот опфат не посто топлификациска мрежа.

Согласно ГУП , планирање на мрежа се предвидува само за централниот дел о градот каде како резултат на зголемена густина на градба постои економска оправданост за поврзување наградбите на топлификациски систем.

5. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И СЛУЖАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Општите услови за изградба, развој и користење на градското градежно земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичките планови и проекти и процесот на изградба, и истите се содржат во изводот од ДУП.
Законската и подазаконската регулатива врз основа на које се изработуа овој Урбанистичкиот план е Законот за урбанистичко планирање („ Сл. Весник на РСМ" бр.32/20 и бр. 111/23), и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20,219/21, 104/22 и 99/23).

1. Општите услови се применуваат во рамките на границата на планскиот опфат.

2. Изградбата на сите објекти , како и инсталации од комуналната инфраструктура и целокупното уредување во границата на планскиот опфат , треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива и техничкте прописи од областа на урбанизмот, архитектурата, градежништвото, а во согласност со овие условите за изградба , развој и користење на земјиштето за предметниот плански опфат .

3. Наменската употреба на градежното земјиште во граници на планскиот опфат се состои од следните групи на класа на намени :

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
Класа на намени : Б1- Мали единици за комерцијални дејности (до 200м^2 и П+1 кат)
Поединечна намена :
Б1.5- Ресторани, кантини, кафеани ,ќебапчилници, сендвичари
Б6.5 -конгресни и конференциски сали- конференциска сала

- За класа на намена Б1 **не се** предвидуваат компатибилни намени.

Класа на намени : Б6- Простори за собири и публика
Поединечна намена: **Б6.1** - Стадиони и арени за фудбал , атлетика и манифестации.

- За класа на намена Б6 предвидени се компатибилни намени од класата Б1-мали единици за комерцијални дејности и Б3-големи единици за угостителска дејност, најмногу до 40% .

Е - ИНФРАСТРУКТУРИ
Класа на намени : Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
Поединечна намена: **Е 1.1 –** Сообраќајни патни инфраструктури
Поединечна намена: **Е 1.8** –Инфраструктури за пренос на електрина енергија-**трафостаница**
Класа на намени: Е2 – Згради и коммплекси на инфраструктурните системи
Поединечна намена:**Е 2.1** –Згради и компплекси на патниот сообраќај: **автобуски станици**

Поединечна намена:**Е 2.1** –Згради и компплекси на патниот сообраќај: катна гаража

◦ **Согласно ГУП за град Штип плански период 2014-2029, во склоп на класата на намена Е2-Автобуски терминал, возможно е поставување на комплементарни намени од класите Б.**

◦За класа на намена Е2 предвидена е компатибилна намена од класите Б2-Големи единици за трговија (над 200м^2) најмногу до 40%.

Д - ЗЕЛЕНИЛО , РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Класа на намени :Д1- Парковско и пејзажно зеленило

Поединечна намена: Д1.2- Јавно урбано зеленило

◦ Во зелениот коридор долж речното корито на река Брегалница може да има пешачки и велосипедски патеки со пратечка опрема и градби. Тие можат да имаат и спортски градби, или парковски површини и др.

Класа на намени : Д 2 – Заштитно и сообраќајно зеленило

Поединечна намена : Д 2.1- Линиско сообраќајно зеленило- разделно зеленило

РЕКИ – Во границата на планскиот опфат влегува дел од коритото на река Брегалница.

◦ Планот предвидува употреба на комплементарни намени за сите градежни парцели. Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со овој урбанистички план.

4. Регулаторни линии се линиски плански одредби во графичкиот дел на урбанистичкиот план кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителите на правото на градење и од аспект на намената на земјиштето во градежнатга парцела односно диспозиција на планираните градби. Регулаторни линии се :
-регулациона линија
-граница на градежна парцела и
-градежна линија

5. Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

6. Граница на градежна парцела е линија на разграничување помеѓу две соседни градежни парцели, односно линија на разграничување на носители на правото на градење.

7. Градежна линија е линиска планска одредба која ја дефинира просторната граница до која идната градба може да се гради и претставува граница на површината за градење во градежната парцела.

Градежната линија се спроведува со можни и дозволени пречекорувања на издадените елементи од архитектонска пластика на градбите.

◦Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела не може да има пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид на издадени архитектонски елементи или делови од градба.

◦Кога градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања

на градежната линија се:
-првиот скалник од влезните партии до 30см, кога ширината на тротоарот е поголема од 2,25м.

8. Градежна парцела е најмала единица на градежното земјиште за планирање на просторот во која се врши детална агрегација на податоците, урбанистичките параметри и планските одредби од урбанистичкиот план.Доколку градежната парцела опфаќа една или повеќе катастарски парцели или дел од катастарски парцели кои се со еден или повеќе сопственици, истите согласно пропорционаното сопственичко учество во површината на градежната парцела учествуваат со идеален дел во правото на градење на целата градежна парцела.

Градежната парцела е ограничена со регулациона линија и граница на градежна парцела.

9. Површина за градење е делот од градежната парцела кој се предвидува за градење на градба, ограничен со градежна линија . Во градежната парцела по правило треба да има една површина за градење во која може да се гради само една градба.

Во градежните парцели во кои се планираат повеќе градби, во урбанистичкиот план е одредена поголема рамковна површина за градење, која ќе се разработува со урбанистички проект во кој ќе се одреди точната површина за градење, како и нејзината големина и форма согласно дозволениот процент на изграденост и коефициент на искористеност.

10. Одведувањето на отпадните води од градежната парцела да се водат со риголи или со цевководи кон пристапната улица со наклон не помал од 1,5%.Наклоните на земјиштето и внатрешните сообраќајници да се планираат на начин што нема да ги водат или усмеруваат површинските води од една градежна парцела кон соседна градежна парцела.

11. Оградување на градежните парцели се уредува со проектна документација во иста или посебна постапка со онаа за основната намена.
Оградувањето , во зависност од барањата и потребите на инвеститорот, може да биде:
- Со транспарентна ограда со вкупна висина од 1,20 до 2,00м со можност за изведба на ѕиден парапет со висина од 0.40м до 0,80м;
- Со транспарентна ограда со вкупна висина од 2,40м со можност за изведба на ѕиден дел до висина од 1,80м, за деловни намени каде тоа е потребно;
- Со ѕидана ограда со висина до 2,40м, за градежни парцели каде што обезбедувањето на поголем степен на сигурност е програмско барање, и
- со зелена ограда односно ограда со живо зеленило со локално уредена висина која во населени места може да биде од 0,6, до најмногу 4,00м,
Оградувањето на градежните парцели не треба да ги наруши безбедноста и прегледноста на сообраќајниците и пристапноста кон градбите.
Оградите се поставуваат во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, а вратите и капиите од уличните огради на градежните парцели не смеат да се отвараат кон регулационата линија односно кон надвор.

12. Процент на изграденост на земјиштето и коефициент на искористеност се употребува само за рамковите површини за градење.
Процентот на изграденост покажува колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење. Процентот на изграденост на земјиштето за градежната парцела

се пресметува како однос помеѓу површината за градење и вкупната површина н просторната единица.
Коефициент на искористеност (К) на земјиштето се пресметува како однос помеѓ вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сит планирани надземни катови и вкупната површина на просторната единица.

13. Најголема височина на градбите се одредува од страната на лицето на парцелата од нивото на пристапниот тротоар или патека до завршниот венец на градбата изразен во должни метри. Максималната височина е висината на венецот дадена во графичкиот прилог и табелите со нумерички показатели.

14. Максимална височина на нулта плоча за сите новопланирани градби е 15см, во однос на котата на тротоарот, и истата не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

15. Максималната височина на слеме во однос на висната на завршниот венец на градбата изнесува 4,50м. Од максималната височина на слемето можат да отстапуваат вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комунокации и сите техничко-технолошки инсталации и сите архитектонски декоративни елементи со кој не се обзидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, од над дозволената силуета на покривот.

16. Крововите на градбите можат да бидат коси и рамни. Косите кровови имаат агол на косина од најмногу 35°. Рамните кровови имаат агол на косина најмногу 5°.
Максималниот акол на кровната конструкција се пресметува од завршниот венец на градбата во однос на вертикалната рамнина на фасадниот ѕид.

17. Стационарен сообраќај - паркирање и / или гаражирање на потребен број на паркинг места е планирано во рамките на градежните парцели. Доколку не се обезбеди потребен број на паркинг места во градежната парцела , не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.По исклучок паркирање да се обезбеди дел во градежна парцела и дел на јавен паркинг за градежната парцела 03.01.02 –стадион, и паркирање во катна гаража за градежните парцели 03.01.04 и 03.01.05- кафеани. Потебниот број на паркинг места ќе се утврди со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во кои спаѓаат градбите.

Пресметувањето на потребен број на паркинг места ќе се утврди при понатамошна разработка со урбанистички проект/проектна документација , во зависност од конкретната намена на градбата, бројот и структурата на вработени, бројот , фреквенцијата и структурата на корисниците, степенот на моторизација, постоење на јавен превоз, водејќи грижа за сите потреби од стационарен сообраќај –службен, индивидуален, за возила и механизација што се употребуваат за потребите за основна намена на градбата како и за посетителите и корисниците на градбата.
Од вкупниот број на места за паркирање, најмалку 3%, но не помалку од 1 паркинг место да се предвиди за лица со инвалидност и намалена подвижност, специјално облежани со димензии 3,70/5,0.
Минимален број на паркинг места за велосипеди се утврдува со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓаат градбите.од вкупниот број на паркинг места за велосипеди, минимум 50% треба да бидат во покриени

простори.
При планирање на паркиралишта , се предвидува потребен број на паркинг места за посетителите и корисниците на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминатната употреба односно намената на просторната единица изнесува од 10-30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамките на градежната парцела, а кои се планираат на земјиште за општа употреба или на градежни парцели со намена Е1.1 односно Е2.1, чијашто реализација единицата на локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежното земјиште.
Доколку во градежната парцела егзистираат повеќе намени чиешто користење временски не се преклопува, бројот на паркинг места се утврдува само за намената за која се потребни најмногу паркинг места, односно за намените коишто едновремено се користат, а имаат најголем збир на потребни паркинг места.

Потребниот број на паркинг места се пресметува за класите на намени според следните нормативи:

Б1- мали комерцијални и деловни дејности- 1 паркинг место на 100м^2 од вкупно изградената површина;
Б2-големи трговски единици-1 паркинг место на 70м^2 од вкупно изградената површина;
Б3-големи угостителски единици, 1 паркинг место на 20м^2 од вкупно изградената површина;
Б6 – простори за собири- 1 паркинг место на 8- 16 гледачи
Д –Потребниот број паркин места се утврдува во зависност начинот на употреба, бројот и структурата на посетители, специфичните потреби и услови на локацијата.
Е 2 – Згради и комплекси на инфраструктурните системи – се утврдува во зависност од бројот на вработени, бројот на корисници.

Паркиралиштата во градежните парцели се употребуваат согласно нивната намена и не може да се врши нивна пренамена.

19.Трафостаници може да се планираат и со урбанистички проекти за инфраструктура, а и во склоп на градежните парцели доколку има потреба од истите , а по претходно прибавено мислење/согласност од надлежното претпријатие за електроенергетска инфраструктура.

20. Се забранува градба во заштитните појаси на електроенергетските водови.

21. Процентот на озеленетост за сите градежни парцели , освен за парцелите со намена Е 1.8- трафостаници и намена Е2.1-катна гаража, изнесува мин. 20% од површината на градежната парцела, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија бр. 11/2018 и бр. 42/2020);
Минимално утврдениот процент на озеленетост станува составен дел на условите за градење.

22. Во состав на пешачките површини , да се постави зеленило- дрворедни стебла од отворен во тротоарот и зеленило во контејнери и жардињери.

23. Нивелетите на сообраќајниците ќе се уточнат со Урбанистички проект/и за реализација на градбите.

24.Површините за движење на пешаците треба да се континуирани спореа конфигурацијата на теренот, без скали, и со пожелен подолжен наклон од 5% или в однос 1:20, а во исклучителни случаи до мах. 8,33% или 1:12. Кај поголеми висински разлики за совладување на висината до јавните пешачки површини, покрај скалите се планираат и рампи со истиот наклон. Кога е неопходна поголема должина на рампите тие се планираат со одморишта со најмала должина 1,50м, а оптимална 1,80м. Најголем попречен наклон на тротоарите и другите пешачки патеки што е нормален на смерот на движењето и оската на патеката изнесува 2%.

25. За совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот, се предвидуваат рампи на секој пешаки премин, изведени со закосени рабници без вертикална денивелација и во широчина на целиот пешачки премин, со наклон од 8,33%, а мах.10%.

26.Најмала широчина на тротоарот и пешачките патеки треба да изнесува 2,40м.

27. Поставувањето на урбана опрема се врши на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши намената на просторот и безбедноста на сообраќајот, согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20 , 227/22 и 113/23).

28.Уличното осветлување да биде паметно и секаде каде што е изводливо да биде самонапојувачко преку соларни панели.

29. Рекламите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и објектите поставени во јавен интерес како јавно освелување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

30.Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери и/или подземни садови за комунален отпад , на погодни локации достапни за пристап на возила за собирање на отпадот, а во согласност со надлежните служби за собирање на комуналниот отпад.

31. При реализација на урбанистичкиот план, да се почитува недвижното културно наследство Кучук Емир султанов мост заштитено со Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1101-21/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип, односно **не се дозволуваат никакви интервенции** на истото без услови/мислење од надлежен орган за заштита на културното наследство (Министерство за култура /Управа за заштита на културното наследство).
Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности

ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ПОДРУЖНИЦАТА	
Име и презиме:	ВЕСНА ВАСИЛЕВА
Адреса:	ЃОРЃИ ПЕТРОВ бр.30/10 ШТИП, ШТИП
Овластувања:	Раководител на подружница

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	studio@atrium.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/B08F5FACD1A4E40E711DD3C1F5CF2BDF2C3AA0A58B1019BB6E70CA1A7AD9CFBB

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 38 став (1) и член 16 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 129/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18), Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

на

Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ-ДОО Штип

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ул.НИКОЛА НЕХТЕНИН бр.1 ШТИП, ШТИП
ЕМБС: 5694035

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО 07.08.2026 година

Број П.247/А
07.08.2019 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Горан Сугарески

v053013

License Certificate

Certificate Date:	12-10-2013 10:52:10
Serial #:	339-24957866
Product key:	057F1
Maximum Concurrent Authorized Users:	1
Customer #:	5115668437
Contact E-Mail:	atrium_studio@yahoo.com
Contact Phone:	
Product Description:	Autodesk AutoCAD LT 2014 Multi-Lang 12
Language:	Multi-Lang 12
SAP Material #:	057F1-AG5111-1001
License:	New
Usage:	Commercial Product
License Term:	Permanent
Deployment:	Standalone

Studio Atrium DOO Stip
Nikola Nehtenin 1

Stip 2000
Macedonia, Former Yugoslav Rep

Supporting Reseller/Dealer:
OSA Racunarski inzenjering
Takovska 45

Belgrade 11000
Serbia

Autodesk License Certificate Terms and Conditions

This Autodesk License Certificate is designed solely to confirm the number and type of license(s) of the specific Autodesk Software Product identified above (“Software”) purchased by Customer. Receipt by Customer of this Autodesk License Certificate does not include the right to receive media containing Software object code or documentation. Customer must legally acquire the Software package which includes the media containing the Software object code. Customer’s use of the Software is governed by the applicable Autodesk software license agreement included with, or incorporated in, the Software. The terms of such Autodesk software license agreement are incorporated herein by reference.

In the event that Customer changes the number of licenses of the Software under the Serial Number set forth above, this Autodesk License Certificate shall automatically terminate. Customer may request a revised Autodesk License Certificate reflecting such change.

Autodesk accepts no liability for issuing an Autodesk License Certificate which may incorrectly state Customer’s Maximum Concurrent Authorized Users. If Customer’s Maximum Concurrent Authorized Users is incorrectly stated on this Autodesk License Certificate, Customer shall inform Autodesk in writing, and subject to confirmation by Autodesk, as Autodesk may reasonably require, Autodesk shall issue an amended Autodesk License Certificate to Customer stating the Maximum Concurrent Authorized Users. This Autodesk License Certificate shall automatically terminate in the event of termination of the applicable Autodesk software license agreement for any reason.

ANY TAMPERING WITH THIS AUTODESK LICENSE CERTIFICATE SHALL RENDER BOTH THE AUTODESK LICENSE CERTIFICATE, AND SOFTWARE LICENSE(S) CONFIRMED BY THIS AUTODESK LICENSE CERTIFICATE, TERMINATED WITH IMMEDIATE EFFECT.

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" бр. 119 - ШТИП тел. 032 383 - 033 studio@atrium.mk

Врз основа на член 15 став 1 и 2 од Законот за градење (Сл. Весник на Р.М. бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15(1), 129/15(2), 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 35/18, 64/18, 168/18 и 18/20) донесувам:

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНИ ПРОЕКТАНТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ДОПОЛНА НА ИДЕЕН ПРОЕКТ - СЕ2.1-Згради и комплекси на патниот сообраќај - автобуска станица ФАЗНА ГРАДБА ПРВА ФАЗА СУПЕРМАРКЕТ

За изработка на инвестиционо-техничката документација ИДЕЕН ПРОЕКТ - СЕ2.1-Згради и комплекси на патниот сообраќај -автобуска станица ФАЗНА ГРАДБА ПРВА ФАЗА СУПЕРМАРКЕТ

за фазата **АРХИТЕКТУРА**:

- дипл. инж. арх. АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ - одговорен проектант
- м-р САЊА МИТАШ ИВАНОВА дипл. инж. арх.- соработник
- м-р ЉУБИЦА МИЦЕВСКА дипл. инж. арх.- соработник

Образложение:

Проектантот одреден за изработка на наведената документација, ги исполнува условите пропишани со чл. 15 став 1 и 2 од Законот за градење и поседува искуство и пракса за изработка на ваков вид на техничка документација.

СТУДИО АТРИУМ ДОО - ШТИП
Управител,
Дипл.инж.арх. Весна Василева

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

АРХИТЕКТУРА

на

АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ

дипломиран инженер архитект (NQF VII_1)

со подмирување на членарината за секоја тековна година
овластувањето важи до 13.12.2025 год.

Број: 1.1793

Издадено: 14.12.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

АРХИТЕКТУРА

на

САЊА МИТАШ ИВАНОВА

магистер инженер архитект (NQF 304 ECTS)

со подмирување на членарината за секоја тековна година
овластувањето важи до 15.11.2027 год.

Број: 1.1941

Издадено на: 16.11.2022 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Радевски
дипл.инж.арх.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

АРХИТЕКТУРА

на

ЉУБИЦА МИЦЕВСКА

магистер инженер архитект (NQF 304 ECTS)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 25.06.2028 год.

Број: 1.2528

Издадено на: 26.06.2023 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Радевски
дипл.инж.арх.

2

УРБАНИСТИЧКИ ДЕЛ

ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ

266

ОБЈЕКТ 1
ФАЗА 1
Е2.1
АВТОБУСКА
СТАНИЦА

ОБЈЕКТ 3
ФАЗА 1
Б 2.4
03.01.01
Е2.1
H=8.5m
П

ОБЈ
ФАЗА 2
Е2.1
КАТНА
ГАРАЖА
П+1

Е2.1

Д2.1

ГЛ
РП
РН
ЗЕЛ
ЕП
ПЛ

DN250
i=2.9%
DN 150
DN 300
DN 250
i=3.3%
L=122m
pvc od160
pvc od110
ПОДЗЕМЕН ВОД
10(20)kV
ПОДЗЕМЕН КАБЕЛ
ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ КАБЕЛ
ПРЕВОЗОТ АСФАЛТНА ЛЕНТА ВНЕСЕ ЛУКА
ПРЕВОЗОТ АСФАЛТНА ЛЕНТА ВНЕСЕ ЛУКА
ПРЕДЛОГ ПЛАНА КОТА ВО ПРОФИЛИТЕ НА ПРИЛИВИТЕ
268.40
268.10
268.70
R12
R1
R42,47
i=0,9%
L=172m
ул. „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
10,5
11,5
14,0
19,0
5,0
2,5
4,0
6,5
3,25
5,5
2,5
12,54
16,74
23,41
6,65
6,23
5,20
6,60
5,00
2,50
7,50
6,00
10,12
3,70
2,00
2,70
6,50
2,50
6,51
6,60
3,00
1,00
1,50
0,50
0,60
3

СЕВЕР

ИДЕЕН ПРОЕКТ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА **СОГЛАСНО ИДЕЕН ПРОЕКТ (ПРВА И ВТОРА ФАЗА)**

Број на градежна парцела	Група на класа и намена	Површина на градежна парцела (м²)	Максимален степен на изграденост	Максимална висина на објектот (м)	Катност	Индекс на вработеност	Паркинг
03.01.01	Е2.1-Згради и комплекси на патнички сообраќај -автобуска станица	82, 82.4	40%	B371,18	2320 ПРВА ФАЗА 2320 ПРВА ФАЗА	8,50 П	27,7 0,28	100
					100 ПРВА ФАЗА 300 ПРВА ФАЗА	8,50 П	8,0 0,05	
					1520 ВТОРА ФАЗА 3040 ВТОРА ФАЗА	8,50 П+1	16,00 0,36	
ВКУПНО			4.340	5.860	8,50	П+1	82	0,69

ВЛЕЗ ВО ПАРЦЕЛА
ГЛАВЕН ВЛЕЗ ВО ОБЈЕКТ
СЕРВИСНИ ВЛЕЗОВИ ВО ОБЈЕКТ

ПРОЦЕНТ НА ЗЕЛЕНИЛО ЗА ДЕЛ ОД ПАРЦЕЛА ПРВА ФАЗА СУПЕРМАРКЕТ И ВТОРА ФАЗА КАТНА ГАРАЖА 7700 м²:

НИВО НА ТЕРЕН
ВКУПНО: 1.584,00м²

ПРОЦЕНТ НА ЗЕЛЕНИЛО 20 %

СИТУАЦИЈА соприказ на фазна градба — М=1:250

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" БР 119 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

ПРОЕКТ: Е2.1-Згради и комплекси на патнички сообраќај -автобуска станица ФАЗНА ТРАДБА - **ПРВА ФАЗА СУПЕРМАРКЕТ**

ИНВЕСТИТОР: ДТПУ АНГО ДООЕЛ

МЕСТО: Г.П.**03.01.01**, К.О. ШТИП 5 - ОПШТИНА ШТИП

ЦРТЕЖ: СИТУАЦИЈА со приказ на фазна градба

ФАЗА: АРХИТЕКТУРА

А

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
Дипл.инж.арх. ВАСИЛЕВ АЛЕКСАНДАР
ОВЛАСТУВАЊЕ БРОЈ: А 1. 1793

РЕВИДЕНТ:

СОРАБОТНИЦИ:
М-р.инж.арх. ИВАНОВА МИТАШ САЊА
ОВЛАСТУВАЊЕ БРОЈ: А 1. 1941
М-р.инж.арх. МИЦЕВСКА ЉУБИЦА
ОВЛАСТУВАЊЕ БРОЈ: А 1. 2527

Проектантска куќа:
ЛИЦЕНЦА БРОЈ: П. 247/А

Ревидентска куќа:

УПРАВИТЕЛ: д.и.а ВЕСНА ВАСИЛЕВА

ТЕХ. БРОЈ: 38/24-И

РАЗМЕР: 1:250

ЛИСТ БР. 1.1

ДАТА: АПРИЛ .2024

3

ПРОЕКТЕН ДЕЛ

СОДРЖИНА

1. Текстуален дел;

- Технички опис

2. Графички дел:

- Ситуација со приказ на фазна градба
- Ситуација со отворено приземје
- Основа на супермаркет – приземје ПРВА ФАЗА
- Основа на приземје – катна гаража ВТОРА ФАЗА - -
- Основа на кат – катна гаража ВТОРА ФАЗА
- Пресек 1-1
- Пресек 2-2
- Пресек 3-3
- Изгледи

А

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ТЕХНИЧКИ ОПИС

1. ОПШТО

Врз основа на Изводот од план со арх. бр. 18-3079/2 од 21.05.2024год за ГП 03.01.01 од Детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип изработен е идеен проект за изградба на Е2.1-3гради и комплекси на патниот сообраќај -автобуска станица ФАЗНА ГРАДБА - ПРВА ФАЗА СУПЕРМАРКЕТ.

ЛОКАЦИЈА И УРБАНИСТИЧКИ УСЛОВИ

Предметната парцела се наоѓа на ГП 03.01.01 од Детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ Блок 03 од ГУП за град Штип КО Штип-1, КО Штип-3 и КО Штип-5 Општина Штип. Пристапот до парцелата е преку сервисна ул. ”Новопланирана 1”. За парцелата по извод од ДУП се планирани следните урбанистички параметри.

УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ СОГЛАСНО ДУП

Градежна парцела 03.01.01

Број на градежна парцела	Поединечна намена	Компатибини класи на намени	максимален дозволен процент на компатибилни класи на намени (%)	Површина на градежна парцела (м²)	површина за градење (м²)	Вкупна изградена површина на сите спратови (м²)	Максимална дозволена катност	Максимално дозволена височина до хоризонтален венец на градбите (м'	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност (k)	паркирање	понатамошна разработка
03.01.01	Е2.1-3гради и комплекси на патниот сообраќај - автобуска станица	Б2	40%	8371	5860	5860	П+1	8.50	70.0%	0.70	во градежна парцела	со Урбанистички проект

УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ СОГЛАСНО ИДЕЕН ПРОЕКТ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА **СОГЛАСНО ИДЕЕН ПРОЕКТ (ПРВА И ВТОРА ФАЗА)**											
Број на градежна парцела	Група на класа намена	Компатибилни класи на намена во однос на основната класа на намена	Максимален дозволен % на збирот на компатибилните класи на намена во однос на основната класа на намена	Површина на градежна парцела $м^2$	Површина за градење $м^2$	Вкупно изградена површина на сите катови ($м^2$)	Максимална висина на хоризонтален венец на кров	Катност	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност	Паркирање
03.01.01	Е2.1-Згради и комплекси на патниот сообраќај -автобуска станица	Б2, Б2.4	40%	8371,19	2320 ПРВА ФАЗА	2320 ПРВА ФАЗА	8,50	П	27,7	0,28	100
					500 ПРВА ФАЗА	500 ПРВА ФАЗА	8,50	П	6,0	0,05	
					1520 ВТОРА ФАЗА	3040 ВТОРА ФАЗА	8,50	П+1	18.00	0.36	
ВКУПНО					4.340	5.860	8,50	П+1	52	0.69	

Со реализација на првата фаза (супермаркет) и втора фаза катна гаража- дел од површина на парцела 7700м2, за зеленило се планирани 20 % односно 1.584 м2, со што е задоволен процентот од 20% зеленило.

Во однос на паркирањето обезбедени се 100 паркинг, 70м2 за едно паркинг место согласно правилник за урбанистичко планирање, истите го задоволуваат бројот на потреби паркинг места во согласност со одредбите зададени во ДУП за предметната парцела и намена на објектот.

Приложените нумерички податоци за првата и втората фаза од планираната градба се под зададените во изводот од ДУП

Анализата на планираните бруто површина покажува дека со првата фаза се планира објект 3 со намена **Б2.4 ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ - ПРВА ФАЗА** со површина од 2320м2 односно 39,59% од вкупната планирана површина што е во согласност со показателите во ДУП за застапеност на компатибилни намени во парцелата од 40%.

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ УП ЗА Г.П.03.01.01			
	Класификација на намена	**Површина на градба (m2)**	**Процент %**
ОБЈЕКТ 1	Е2.1-Згради и комплекси на патниот сообраќај -автобуска станица	500,00	8,53
ОБЈЕКТ 2	Е2.1-Згради и комплекси на патниот сообраќај -автобуска станица - КАТНА ГАРАЖА	3.040,00	51,88
ОБЈЕКТ 3	Б2.4 Супермаркети, хипермаркети и други големи маркети	2.320,00	39,59
	ВКУПНО:	5860	100,00

БРУТО ПОВРШИНИ ПРВА ФАЗА Б2.4 ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ - ПРВА ФАЗА			
ФАЗА	ПОВРШИНА	НАМЕНА	ПРОЦЕНТ
ПРИЗЕМЈЕ	2320	Б2.4	39.59
ВКУПНО	2320	Б2.4	39.59
ВКУПНО	2320	Б2.4	39

Согласно горенаведените нумерички податоци распределбата на намените во целост ги задоволува одредбите зададени во посебните услови на изводот од ДУП.

2. СООБРАЌАЈ, ПАРКИНЗИ И ПЕШАЧКИ ПРИОДИ

Согласно извод од план за парцелата е планиран колски пристап сервисна ул. ”Новопланирана 1”. Пешачкиот пристап до парцелата е овозможен преку тротоарите околу објектот. Во склоп на парцелата околу објектот е планирана отворена паркинг површина за вкупно 103 возила.

3. КОНЦЕПЦИЈА И СОДРЖИНА НА ОБЈЕКТОТ

3.1. Концепција

Супермаркетот кој е предмет на разработка на овој проект како прва фаза од проектната документација е планиран на едно ниво.

Концепциски објектот е поделен на две функционални целини. Планирана е една обединета просторија за супермаркетот со зададени позиции на каси, опрема рафтови и сл. Втората фукционална целина е планирана од повеќе помошни простории кои се поврзани со ходник и се во фукција на непреченото работење на маркетот. Во овој дел се планирани дневен и ноќен магацин, простор за достава на прозиводи, комори за чување и одржување на замрзната храна, простории за вработени, електро соба, благајна и други помошни простории за непречено функционирање на маркетот.

Ваквото решение во целост ги задоволува потребите и желбите на инвеститорот, а истовремено се задоволени и условите дадени во ДУП.

4. КОНСТРУКТИВЕН СИСТЕМ

Конструкцијата на објектот се предвидува да биде армирано бетонска. Објектот се предвидува да биде изграден во скелетен систем. Проектиран е како двобродна хала. Основните конструктивни елементи се проектирани како армирано бетонски столбови.

Конструкцијата детално ќе биде разработена и опишана во Основниот градежно конструктивен проект.

5. ГРАДЕЖНО ЗАНАЕТЧИСКИ РАБОТИ

Сите градежно занаетчиски работи ќе се изведат според основниот проект, а во согласност со техничките прописи и нормативи кои важат за ваков вид на работи.

ЗЕМЈЕНИ РАБОТИ

Објектот е поставен на плато на кота ±0,00.Земјени работи да се изведуваат согласно проектот за геотехника кој е составен дел на проектната документација.

Земјените работи опфаќаат позиции во ископ за темелна конструкција на објектот и подобрување и тампонирање под паркинг ,коловоз и под темелната конструкција на објектот.

SИДАРСКИ РАБОТИ

Употребениот материјал и начинот на градба да одговара на важечките прописи и стандарди. Sидањето да биде во правилни хоризонтални редови и правилни врски. Sидните површини да бидат со рамни ивици и под висок.
Обработката на sидовите е предвидена според видот и намената на просториите означена на архитектонските цртежи во основниот проект.

Околу сите врати и прозорци на фасадата се предвидени армирано бетонски вертикални серклажи и надпрозорници.
Во зоната на поставување на конзолни фриждери (вклучувајки ја и зоната после фриждерите, за обезбедување на можност за зголемување на нивниот број во иднина) се предвидува во sидаријата со тули армирано бетонски серклажи за анкерирање на конструкцијата на фриждерите, согласно графичките прилози.

При изведбата на надворешните ѕидови, хидроизолацијата треба да го достигне горниот раб на армирано бетонското цокле и исто треба да се заврти под првиот ред тули.

ПРЕГРАДНИ ЅИДОВИ

Сите внатрешни преградни ѕидови помеѓу секторите на објектот се проектирани како ѕидани од керамички блок со дебелина d=25cm со сите потребни армирано бетонски серклажи, довратници и надвратници. Ѕидовите се ѕидаат врз армирано бетонско цокле d=25cm и висина 25cm од готов под.
Да се изведат потребните вертикални и хоризонтални либажни слоеви, h=25cm, армирани согласно графичките прилози и усогласени со позиција и детал на столарија.
Секторските ѕидови се ѕидани до висина 400 cm од готов под (Над кота +4,00 до долна страна на кровен покривач се поставуваат преградни ѕидови од двослојна облога од огноотпорни гипс-картон плочи 2x15mm на метална потконструкција, со иста дебелина со ѕиданиот ѕид. На спојот со кровниот покривач се изведува хоризонтална облога од огноотпорни гипс-картон плочи 2x15mm+2x12.5mm на метална потконструкција, во појас од минимум 60cm од двете страни на ѕидот. Секторските ѕидови и гипскартонски облоги се со пожарна отпорност од минимум 120 минути.
Внатрешните ѕидови на просторијата за каси и сервер-собата се предвидени од армиран бетон d=20cm. Преградните ѕидови во просториите за персонал се лесно-монтажни, од двострано поставени двослојна облога од гипс-картон плочи 2x12.5mm на метална потконструкција прицврстена директно во АБ подната плоча, со исполна на просторот меѓу плочите со минерална волна.
Облогите на ѕидовите кон мокрите простории (тоалетите) се поставуваат гипс-картонски плочи отпорни на влага.
Аголните споеви на гипсан ѕид од водоотпорни плочи со ѕидан ѕид во мокри јазли да се обработи со хидроизолациска трака.
Да се изведат зајакнувања со дополнителни профили кај врати, во зона на монтажа на висечки елементи во кујна, места на монтажа на противударни заштити и др.опрема на ѕид и сл

Либажни слоеви (серклажи)

Исполната помеѓу блок и столб или греда не смее да се прави со пур пена. На 40cm (или на секои два реда) по висина и на максимум 100cm должина да се вградува анкер RФ8 mm должина минимум 15cm, помеѓу бетонскиот столб/греда и блоковите, закотвени во хоризонталните и вертикалните споеви меѓу блоковите. Да се следи методологијата на избраниот производител на блокови.
Кај ѕидови неврамени во бетонска рамковна конструкција задолжително се изведуваат хоризонтални серклажни елементи и тоа завршен серклаж (капа на ѕидот) и хоризонтален серклаж во поле доколку висината на ѕиданиот дел надминува 3m.
Вертикалните серклажи мора да бидат изведени на аглите и споевите на ѕидовите, на слободните рабови на секој ѕиден елемент, од двете страни на отвори за прозори и врати и доколку должината на ѕидаријата е поголема од 5 m.

Серклажите се изведуваат со ширина на ѕидот, висина минимум 25cm, конструктивно армирани со 4Ø10, узенгии Ø8/20cm.
Во графичките прилози се прикажани серклажите чија позиција е фиксна (надвратници и натпрозорници усогласени со детал на столарија, и серклажи за монтажа на опрема).
Точната позиција на потребните хоризонтални и вертикални либажни слоеви согласно горенаведената методологија на изведба на ѕидаријата да се утврди на лице место.
Детали на либажи и карактеристични позиции се опфатени со градежно конструктивниот проект.

Кровен покривач

Кровниот покривач е предвиден како систем на рамен кров со пад 2.83%, со состав од долу нагоре врз челичната кровна конструкција:
- Носив челичен профилиран лим согласно градежно-конструктивен проект;
- Парна брана (PE-LD), d=0,20mm на база на полиетилен, тежина 195 g/m², флексибилна и при ниски температури. (Споевите помеѓу ролните на парната мембрана да се изведат со преклоп и да бидат дополнително покриени со појас од мин. 10 см по целата должина на споевите.)
- топлотна изолација – тврдопредувана минерална камена волна во два слоја: Горен слој од тврдопресувани плочи од камена волна d=8cm, λ=0,040W/mk, 90 kPa, Fp≥800N и долен слој од тврдопресувани компактни плочи од камена волна d=12cm, λ=0,036W/mk, 50 kPa, Fp≥500N;
- FPO/TPO полимерна повеќеслојна хидроизолациона мембрана, d=2mm, зајакната со полиестер, УВ стабилна, со зајакната со стаклен воал, со висока механичка цврстина, наменета за трајна изложеност на атмосферски влијанија. Кована, споевите се заваруваат со топол воздух.
- Потпорни елементи на покривниот лим, вклучително и штрафови, спојки за инсталации и др.

Над зоната за ноќен прием и над тоалет за посетители врз завршната АБ плоча се предвидува рамен кров со 2% пад, со следните елементи од долу нагоре:
- Парна брана (PE-LD), d=0,20mm на база на полиетилен, тежина 195 g/m², флексибилна и при ниски температури. (Споевите помеѓу ролните на парната мембрана да се изведат со преклоп и да бидат дополнително покриени со појас од мин. 10 см по целата должина на споевите.)
- топлотна изолација XPS 13 см, λ≤0.035W/mK јакост на притисок минимум 300кPa
- Цементна кошулка / бетон за пад
- геотекстил 300g/m²
- FPO/TPO полимерна повеќеслојна хидроизолациона мембрана, d=2mm, зајакната со полиестер, УВ стабилна, со зајакната со стаклен воал, со висока механичка цврстина, наменета за трајна изложеност на атмосферски влијанија. Кована, споевите се заваруваат со топол воздух.

На покривот на рампата се предвидатуваат челични топлопоцинкувани конструкции за монтажа на надворешните единици за вентилација и климатизација и
МОПРО тела.
Покривањето на настрешницата се предвидува е предвиден како систем на рамен кров врз челичната конструкција со пад 2,3% к он и сток и 3,3% кон север, со состав од долу нагоре:
- Носив челичен профилиран лим TR 85/900/0.75, согласно градежно- конструктивен проект;
- Парна брана (PE-LD), d=0,20mm на база на полиетилен, тежина 195 g/m², флексибилна и при ниски температури. (Споевите помеѓу ролните на парната мембрана да се изведат со преклоп и да бидат дополнително покриени со појас од мин. 10 см по целата должина на споевите.)
- тврдопресувана минерална волна за формирање на пад d=5-10cm
- FPO/TPO полимерна повеќеслојна хидроизолациона мембрана d=2mm, зајакната со полиестер, УВ стабилна, со зајакната со стаклен воал, со висока механичка цврстина, наменета за трајна изложеност на атмосферски влијанија. Кована, споевите се заваруваат со топол воздух.
При поставување на покривната хидроизолација да се почитуваат деталите на производителот. Да се изведе окапница кон хоризонталниот олук, како елемент од системското решение. Предвидени се префабрикувани елементи за сифони, продори и сл., комплет со сите фасонски и врзни елементи од избраниот систем. Пред изведба да се усогласи позицијата на отворите со сите проектни фази.

Одводнување на кровот
Одводнувањето на кровот е предвидено со надворешени хоризонтални олуци и вертикални олуци Ø110 од поцинкуван лим, поставени на јужната страна. Хоризонталниот олук се формира од челична конструкција со кутиести профили 40/40/3 анкерувани АБ столбовите преку кој се поставува челичен лим и FPO/TPO полимерна повеќеслојна хидроизолациона мембрана d=2mm, согласно графичките прилози .
Одводнувањето на настрешницата се предвидува со префабрикувани сифони и водоодводни цевки Ø75 вградени во челичните столбови на настрешницата. Ќе се изведат преливи – префабрикувани елементи, со димензии на отвор 400/100mm.
Одводнувањето на рамниот кров на товарната рампа и над тоалет за посетители се предвидува со префабрикувани сифони и вертикални олуци Ø110. Ќе се изведат преливи – префабрикувани елементи, со димензии на отвор 400/100mm.
Префабрикуваните сифони (сливници) се со термички изолирано тело, вграден греач 10-30W, за директно поврзување кон мрежа 220V.

ИЗОЛАЦИЈА

Под плочата врз тампонски слој се поставува ПЕ фолија d=0.15mm, врз која се поставува термоизолација XPS d=6cm, λ≤0.35W/mK, јакост на притисок минимум 300кPa.

Над XPS се поставува ПЕ фолија 0.15mm во два слоја, изведена со преклоп од 30cm. Хидроизолацијата е заштитена од надворешна страна на парапетните ѕидови со изолација XPS 10cm долж северна и јужна страна како и кај претоварна рампа и 8cm кај останатите ѕидови. Од внатрешна страна хидроизолацијата се заштитува со HD-PE бобичаста фолија.
Кај мокирте јазли - тоалетите и зоната за зашина за миење, се поставува хидроизолација на цементна основа, во три премази, врз цементна кошулка, на претходно обезпрашена и обезмастена подлога. Изолацијата продолжува вертикално h=30cm по ѕидовите кај тоалетите, кај мијалници и во зона на машината за миење до h=90cm. Кадите за подните решетки кај машината за миење и бришачот целосно се премачкуваат со хидроизолација.
Кај бетонското цокле од внатрешна страна и под првиот керамички блок кај ѕиданите ѕидови се поставува хидроизолација на цементна основа, во три премази. Изолацијата на кровот е опфатена во состав на кровниот покривач. Изолацијата на фасадните ѕидови е опфатена во термоизолираната фасада.

ФАСАДЕРСКИ РАБОТИ

Предвидена е изведба на термоизолирана фасада (до кота +4,00 м од северна , источна и западна фасада и по цела висина на јужна фасада) со топлотна изолација од експандиран полистирен (EPS) врз ѕидната подлога од керамички блок и АБ конструктувни елементи, со следните слоеви:

- EPS d=10cm (30kg/m³)
- Мрежа за рабицирање
- лепак за рабицирање
- Подлога пред завршен слој
- Завршен силикатен слој

Околу отворите за прозорите се поставува EPS 4cm. Кај армирано-бетонскиот парапет (цокле) по периметарот на објектот во висина од 45cm се предвидува следната фасадна обработка:

- XPS 8 или 10cm.
- Мрежа за рабицирање
- лепак за рабицирање
- Подлога пред завршен слој
- Завршен акрилен слој

Кај цоклето на западна и источна фасада (кај фасаден ѕид со керамички блок 38cm) се поставува термоизолација XPS d=10cm, додека на северна и јужна фасада (кај фасаден ѕид со керамички блок 30cm) се поставува термоизолација XPS d=8cm. Фасадната обработка (со сите слоеви) на цоклето е 2cm повлечена од фасадата на ѕидовите, со што се овозможува окапување.

Фасадната обработка над кота +4,00 е со фасадни панел со д=10cm .

НАПОМЕНА :

Фасадата од сендвич панели да се предвиди како системско решение од избран производител, комплет со потконструкција за прифаќање на АБ конструкцијата, споен, потрошен материјал, китирање и слично, 'спремно за употреба'. Да се следат техничките упатства, детали на производителот и приложените архитектонски детали. Комплет со изведба на сите опшивки од пластифициран лим, сите споеви (спој кров-ѕид, атика, опшивки на слеме, калкани, спој со конструктивни елементи, пробиви, дилатации и сл.), во се согласно насоките на производителот на панелите.
Челото / атиката на настрешницата се обработува со опшивка од алуминумски лим (алукобонд) RAL 9006.

Спуштениот плафон на настрешницата е од алуминиски ламели за надворешна монтажа, со ширина 30cm, RAL 9010.

Излози
Пред зоната за каси и ветробранот се проектираат излози од кота +0,00 до кота +4,00 (долниот раб на настрешницата), со алуминиски фасадни термоизолирани профили (систем на стаклена фасада), топлотно изолирани, пулверизирани во боја RAL 7024.
Застаклувањето на излозите да се изведе со статички димензиониран двослоен стакло пакет и тоа 44,2 сигурностно калено стакло 20мм исполна од аргон 90% и 44,2 сигурносно калено стакло. Стакло пакетот е потребно да ги исполнува следните карактеристики:
- Пропуштање на светлина (TL) : минимум 60%
- Соларен фактор (g): максимум 0,4
- Одбивање на светлина: максимум 15%

Стаклената фасада треба да биде изведена со висока воздушна непропусливост по целата своја површина преку правилно прицврстување кај споевите на: профили, стаклопакети, оков и изолатори. При вградувањето на врати во фасадата да се постават сите потребни заптивки согласно на системот од добавувач на профилниот систем, за да се обезбеди класата на воздушната непропусливоста на фасадата. По фугите кај споевите со соседните градежни елементи да се постават пароизолациски воздушно - непропусливи ленти, согласно деталите и инструкциите на производителот.
Пред излозите од внатрешната страна да се предвиди полица за пакување во согласност со прилозите. Полицата да биде од табли од кантирана иверка d=25mm, на потконструкција од нерѓосувачки челик.

Сите премини помеѓу поодделните конструктивни елементи - подни плочки, стаклена фасада, полица за пакување и облога од алуминиски лим да се фугираат со „долготрајно еластична” маса за фугирање.
Влезните врати (влез и ветробран) се лизгачки автоматски врати, согласно EN 16005 за безбедност кај врати со механичко движење. Вратите се отвараат автоматски при

активирање на системот за известување за пожар и да служат како излезни врати (врати за евакуација), како и врати за довод н а свеж воздух. Вратите треба да се со светлосна бариера за безбедност, програматор, радарски сензор внатре и надвор (двометарска врата бара два радарски сензори и инфрацрвена завеса за детекција на луѓе). Радиус на активност -1,40 m.

- Опремување влез/излез однадвор:

• Механизам за заклучување (патрон од Masterkey системот на продавницата), обезбеден против демонтирање од надворешни лица.

- копче за ѕвонче под механизмот за заклучување за лизгачките врати (функционира само во режим 1/3 светлина).

- Опрема во ветробранот:

- таблата/читач за системот за обезбедување од кражба и копче под него за активирање на вратите близу до влезната врата кон продажниор простор.

- Програматор (програмски копчиња) на вратите - поставени во просторот за продажба, вклучувајќи копче за отворање на внатрешната влезна врата.

- Кутијата во боја RAL 7024, која ги сокрива сите системи на автоматските

Прозорци

Во просторијата за персонал е предвиден прозор од топлотноизолирани пулверизирани алуминиски профили.

Застаклувањето е со тројно стакло со карактеристики соодветни со стаклениот излог.

Прозорците да бидат изведени со висока воздушна непропусливост по целата своја површина и спој со ѕидовите.

Од надворешната страна на прозорците се поставуваат подпрозорни банкини од алуминиски лим RAL 7024 (d=2mm), со испуст и странично затварање.

Од внатрешната страна на прозорците се поставува перваз обложен со плочки, завршен со аголен профил од нерѓосувачки челик.

На прозорот да се постави фиксна заштитна решетка од челични топло поцинувани профили. Решетката да се монтира така, да после изведба на топлотната изолација и малтерот на фасадата, елементи за спојување да останат скриени. Решетката треба да е анкерирана од три страни во **армирано бетонските серклажи кои го опкружуваат отворот на прозорецот.**

Врати

Вратите се предвидени со метална каса и крило. Сите метални врати со обемни каси да се покриени со челичен лим со дебелина најмалку 1,5 мм и да се со гумена заптивна трака (со двојно заптивање). Кај сите надворешни има поден профил кој е дел од системот на вратата (во зависност од добавувачот на врати)

Оковот на вратите да биде од нерѓосувачки челик.

Вратите за евакуација и се предвидени со рачка за панично отварање. Сите врати (со исклучок на врати за тоалетите, врати за соблекувални, врати за ладната комора, лизгачка врата кон пекара, врата помеѓу кујна и ходник и противопожарни врати

помеѓу зоната за дневен прием на стока и просторот за продажба) да бидат снабдени со патрони од Masterkey системот на продавницата.
За сите врати - оковот, шарките, бравите, дополнителната опрема и инсталации да се согласно ББС.
Вратите за евакуација се челични, топлотно изолирани врати, двојно гумено заптивање, боја RAL 7024, со антипаник рачка. Каса од челичен лим 1,5мм, оквирна каса RAL 7024. Вратите се доставуваат со вграден магнетски контакт за поврзување со сигнално-безбедносниот систем. Вратите се со пожарна отпорност од 60 минути.
Противпожарните врати се челични, топлотно изолирани врати, со три шарки (тројни) и фиксирни (сигурносни) болтови, вклучувајки двојно гумено заптивање, боја RAL 7024, со антипаник брава. Каса од челичен лим 1,5мм, оквирна каса RAL 7024. Вратите се со пожарна отпорност од 60 минути.
Врати кои служат за довод на свеж воздух како дел од системот за обесчадување (сите надворешни врати, вклучително и сегметната врата кај товарна рампа), да се предвидат со ел. брави и автомати за отварање,
Автоматското отварање треба да се управува со сигнал од инсталацијата за известување на пожар.
Во просториите за вработени (сала за состаноци, гардероби, санитарии, кујна) се предвидени се предвидени метални врати (боја: RAL 7024), со решетка во долната зона .
Касата на вратата да биде метална, офарбана во RAL 7024. Вратите се со автомат за самозатворање. Предвидени се стопери за врата од нерѓосувачки челик и гумена површина контактна со крилото, монтирани на ѕид. Стоперот се монтира после завршување на монтажите на опремата и мебелот.
Во сервер-собата се поставува врата огноотпорна 60 мин, непропусна на чад, со класа на безбедност RC4. Вратата е со челична каса и крило, RAL 7024. Со три шарки (тројни) и болтови за фиксирање (безбедносни), вклучувајки гумено заптивање. Вратата да биде со вграден магнетен и ригел контакт за поврзување со сигнално-безбедносниот систем и автомат за самозатворање на вратата. Вратата на просторијата за сервер се отвара нанадвор и е со отварање од 180˚. Вратата е со контрола на пристап и отклучување со код / чип.
На ѕидот помеѓу пекарата и ладната комора да се предвиди лизгачка огноотпорна врата. Огноотпорната врата се поставува од страната на пекарата. Вратата треба да одговара на нормативните барања, да се монтира по детали на производителите и да биде поврзана со системот за известување за пожар. Во случај на сигнал за пожар, вратата треба автоматски да се затвора. Дополнително треба да е снабдена со рачно копче за затворање и да може рачно да се отвара од двете страни.

Помеѓу продажниот простор и зоната за прием на стока да се монтираат брзо роло врати од страна на продажниот простор, а лизгачки ПП врати од страна на зона на прием.
Употребата на роло вратите од страната на зоната за прием на стока е преку сензор за присуство, а од страната на продажниот простор со две рачни безконтактни копчиња на висина 1,40м од кота на готов под. Подесувањена (на опфатот на

делување) на сензорот за присуство од страната на зоната за прием на стока е во зона со големина 1,30 м проекција врз подот пред вратата. Огноотпорните лизгачки врати се поставуваат од страна на зоната на прием. Вратата треба да одговара на нормативните барања, да се монтира по детали на производителите и да биде поврзана со системот за известување за пожар. Во случај на сигнал за пожар, вратата треба автоматски да се затвора.
Дополнително треба да е снабдена со рачно копче за затворање и да може рачно да се отвара од двете страни.

Кај утоварната рампа се поставува секциската врата, со топлоизолација, боја надвор RAL 7024, внатре бела. Со отварање рачно со ланец, затегнувач, редуктор и механизам за заклучување (патрон од Masterkey системот на маркетот, со можност за отклучување само одвнатре (половина патрон). За вратата да се предвиди и еден магнетски контакт за поврзување за сигнално-безбедносен систем и еден магнетски контакт за поврзување за системот за вентилација и климатизација (за запирање на касетата кога вратата е отворена).
За одделување на зоната за ноќен прием на стока од товарната рампа да се проектира и монтира топло поцинкувана решетка (мрежа 50х50мм, ф5мм), вклучувајќи заштитен L- профил анкериран во подот и двокрилна лизгачка решеткаста врата, согласно на прилозите кон оваа задача. Решеткастите врати да се монтирани на шини од страна на зоната за ноќен прием на стока, со таков нагиб, да во слободна состојба се отвараат сами и да се прибираат мин. 5см зад деловите од решетката кои не се отвараат.
Да се опремени со брави и секретни клучови од Masterkey системот на продавницата.
Рачките се поставуваат од страната на ноќен прием. За вратите да се предвидат магнетски контакти за поврзување со сигнално безбедносниот систем против кражба.

ЛАДИЛНИ КОМОРИ

Ладилните комори вклучувајќи ги и ладните агрегати, се изведуваат како систем комплет од избран производител. Коморите се изведуваат од полиуретански ѕидни и плафонски панели, од лим и исполна полиуретан со дебелина 120mm. По внатрешните ѕидови на ладната комора, во зоната на цоклето се поставуваат заштитни поцинкувани профили.
Светлата висина на плафонот во ладната комора е 2,60m. Потребната светла височина над ладната комора за сервисирање на разладните агрегати за таванска монтажа е минимум 1,50m.

За да се овозможи вентилирање на просторот меѓу внатрешните ѕидани ѕидови и ладната комора, панелите монтираат на минимум 10cm растојание од ѕидовите.
Завршниот под на комората е на кота +0,00m. Преминот помеѓу подот на ладната комора и зоната за прием на стока/ пекара треба да се реализира рамно, без праг. Во зоната на премин се поставуваат метални плочи Stelcon 30х30х2.5cm во два реда.
Подот на комората се изведува врз спуштена АБ плоча, на кота -0,30м, со следните слоеви:

- Хидроизолација битуменска мембрана со алуминиска влошка, залепена по целата површина и странично подигната по ѕидовите до горен раб на армирано бетонското цокле.
- Топлотна изолација во два слоја XPS 10 + 8 cm
- Парна изолација, самолеплива
- PE фолија
- Цементна кошулка 10cm CT-C25 F4
- гранитни плочки со големина 30 x 30 x 1,5см, класа на отпорност на лизгање R11, боја темно сива и антибактеријална смеса за фугирање.

Во зоната на врати од комората се предвидува вградено подно греење. Каблите за греење се поставуваат врз парната изолација и служат за заштита против замрзнување.

Тие треба да бидат пополнети со резервен греен круг и термостат, со аларм. Температурата, која треба да се постигне е 40С.

Вратите на ладната комора се доставуваат и монтираат на термопанелите од фирмата изведувач на ладните комори и како тип се следните:

• Лизгачка механички подвижна врата со интегрирано затоплување во касата, со светли димензии 135 см x 235 см;

• Како заштита од температурните влијанија помеѓу просториите се монтираат и дополнителни, двокрилни летечки врати, без можност за фиксирање;

Пред вратата на минусната ладна комора од страна на зоната за прием на стока да се постави противударна заштита од челичен профил V2A 100/200/3 mm анкеруван во подот пред комората.

ЗАВРШНИ РАБОТИ

Малтери

На сите ѕидани ѕидови се предвидува машински нанесен варо-цементен малтер, со поставување на армирана стакло фиберна мрежа на премин помеѓу различни материјали (ѕидарија и бетон). Бетонските елементи кои остануваат видливи и гипс-картонските ѕидови се глетуваат.

Сите ѕидови од тула во видливите делови се глетуваат (под спуштениот плафон за простории со спуштен плафон, до кровен покривач во простории без спуштен плафон).

Сите ѕидови се бојадисани со боја која е отпорна на чистење. Фугата помеѓу ѕидните плочки/лајсни за завршеток и бојадисан ѕид ќе се пополнат со акрилна заптивна смеса.

Сите завршни фуги (краеви) кај профилите на фасадата, касите на вратите и монолитните ѕидови се пополнуваат со еластична смеса за фугирање.

Преминот помеѓу подните плочки и HD-PE заштитите се фугираат со еластична смеса за фугирање (санитарен силикон).

Обложување на подови и ѕидови со плочки

Подовите во објектот се обложени со гранитни плочки 30/30/1,5cm Плочките се лепени со соодветно лепило врз претходно изведена рабицирана цементна кошулка. Дебелината на кошулката да се усогласи со типот и дебелината на завршна обработка на подот.
При изведба на кошулката да се изведат дилатации кон обемните ѕидови. Кај мокрите јазли да се обезбеди континуиран пад за одводнување кон сливниците, согласно Проектот за водовод и канализација.
Во продажен дел, ветробран, работни простории, магацински дел, тоалети се предвидува под од гранитни плочки 30/30/1,5cm, so отпорност на лизгање класа R9.
Во пекарата, како и во зоните пред ладилните комори се предвидени гранитни плочки 30/30/1,5cm, со отпорност на лизгање класа R10.
Во коморите се предвидени гранитни плочки 30/30/1,5cm, со отпорност на лизгање класа R11 или R12. Во мокрите простории се предвидени ѕидни керамички плочки до висина 180cm, додека во пекарата ѕидните плочки се поставуваат по цела висина до спуштен плафон 300cm.
Во просториите за вработени на спој под/ѕид се изведува цокле h=10cm од истиот тип на плочки од кои е изработен подот на просторијата.
Во ветробранот се поставува бришач за нозе од алуминиумски профили со гума и теписон, со големина 200/300cm, со длабочина 2,5cm, комплет со рамка. Се монтира во корито за чистење, претходно оставено во цементна кошулка. Нивото на бришачот да е исто со нивото на готовата подна облога од гранитни плочки. Коритото на бришачот да се обложи ист тип на плочки. Во бришачот да се предвиди вграден профил од нерѓосувачки челик околу 50мм со натпис според барањата на Лидл Северна Македонија. Растојанието од бришачот до внатрешната лизгачка врата да е околу 30 см (1 плочка). На местото на преминот помеѓу подните плочки и бекатонот на тротоарот се изведува профил од нерѓосувачки челик V2A.

Други подни обработки
Во сервер собата се предвидува нелизгачки антистатички ПВЦ под d=2mm, во ролни, лепен со антистатички лепак врз цементна кошулка. Ќе се изведе холкел на спој под/ѕид во согласност со деталите на производителот.
Во ГРТ и просторијата за електро ормари подот е завршно обработена цементна кошулка.
Завршното ниво на ПВЦ подот и цементна кошулка да се изедначи со подната облога во ходникот. На спојот на подлогите кај вратата да се постави преодна лајсна.

Плафони/тавани
